СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Шестото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јануари 1994 година

Скопје, јануари 1994 година

**ДИСКУТАНТИ НА VI-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 71-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 11 јануари 1994 година**

1. АПОСТОЛСКИ НИКОЛА - стр.8а
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - стр.9
3. АЛИУ ХАМИД - 10, 32
4. АРСОВОКИ БРАНКО – 20, 22
5. БОШКОВ ЈОРДАН – 52, 88, 94
6. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 56, 89
7. ГОШЕВ ТУШЕ – 47, 49, 60, 64, 67, 73, 81, 82, 84, 99 (член на Влада)
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 31
9. ДИМОВСКА ДОСТА - 33
10. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 6
11. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 45
12. ИВАНОВ ИВАН - 61, 69, 93
13. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 15
14. ЈОВАНОВ РИСТО - 97
15. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 68
16. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 26, 32, 93
17. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 62, 63, 64, 66, 67, 90
18. МАНЕВ ЕФТИМ - 8
19. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 17, 94
20. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР – 34
21. МИНОВ ПАНЧО – 37,49, 58, 59
22. ПЕТРОВ ТОДОР – 70, 92
23. ПРЕВАЛА ШАБАН - 2, 11
24. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ - 24, 53, 55, 56, 74, 76
25. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 85
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 59, 97, 99
27. ТРПЧЕВСКИ ДИМИТАР - 38, 39
28. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 5, 9, 10, 13, 22, 26, 36 - член на Влада
29. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 2, 28

седницата продолжува

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јануари 1994 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала број 1, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Киро Поповски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Митко Анастасовски, Гулистана Марковска, Стојан Андов, Благоја Чкатроски, Димитар Димитровски, Џеладин Мурати, Абдурахмам Алити, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за продажба на деловни згради и деловни простории на Република Македонија.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 2 за додавање нова алинеја 4 за менување на член 13 и на член 14, за менување на став 1, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Никола Апостоловски и Цветан Јовчевски поднесоа амандман на член 14 за менуваше на став 1 и пратениците Никола Апостоловски и Ефтим Манев, поднесоа амандман на член 14 за

менување на став 1 со кој Владата не се согласува.

Пратеникот Петар Горгиев, поднесе амандман на член 13 за додавање нов став во ставот 1 по кој Владата не е произнесена.

Пратеникот Ефтим Манев, поднесе амандман за менување на член 6 и за менување на член 13 по кои Владата не е произнесена.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 13 став 1 и 2, поднесен од пратениците Абдурахман Алити и Алил Џафероски.

Дали подносителите останувaат на амандманот?

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Со оглед на тоа дека Владата поднесе амандман кој овој дел го регулира подобро отколку поднесениот амандман, го повлекуваме амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 поднесен од пратеникот Шабан Превала.

Дали подносителот останува на амандманот.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,и мојата желба беше да придонесам повеќе за допрецизирање и поголема опфатност од страна на член 13 на овој закон. Притоа сметам дека со мало проширување на амандманот на Владата во врска со овој член, сметам дека ќе се исцрпи излагањето на амандманот што јас го предлагам. Мојата мера кога предложив амандман на овој член се состои во тоа да со еден вид предимство бидат опфатени освен закупувачите што на некој начин беше содржано во поранешниот текст

на законот, да бидат опфатени и закупувачите на деловните простории кои ги користат поранешните работници на одделни претпријатија кои го раскинале работниот однос со таквите претпријатија и си отвориле дуќани во просториите на претпријатијата закупувачи. Сакам да кажам дека станува збор за една посебна категорија корисници на деловен простор кои со таквото право се користат како со пренесено право, пренесен закуп од претрпите закупувач во лице, приватно лице довчерашен работник на таквите претпријатија. Таа работа во праксата ја имаме би рекол масовно. Тоа е случај со работници на "Трготекстил", "Центро", "Славија" итн. Таквите претпријатија склучиле посебен договор со своите работници довчерашни работници и таквите работници плаќаат кирија на сопствени претпријатија, а претпријатијата пак на СИЗ-от за деловен простор нормално продолжуваат со плаќање на киријата. Мислата ми беше при остварување на процесот на купопродажба на деловниот простор на некој начин да бидат опфатени и овие лица со пренесено право на користење на деловен простор од страна на претпријатијата сегашни довчерашни закупувачи. Во таа смисла ми беше целта да и тие имаат, или бидат рамнонправни со претпријатијата закупувачи. Меѓутоа, амандманот што го поднесува Владата на некој начин претставува видно изменет член 13 односно тој став, првиот став на овој член што ја регулираше оваа материја, а на некој начин предимството како категорија го исклучува како можност, напротив сите заинтересирани ги става под исти услови. Одредено предимство му дава само на сосопственикот што мислам дека е во ред. Меѓутоа, бидејќи јас сум за тоа и оваа последнава специфична категорија на корисници на деловен простор да не бидат изоставени, да не бидат ставени во недоумица, Или га не бидат ставени пред една можеби тешка ситуација да мораат стоката што ја имаат во дуќаните да ја изнесат надвор. Јас

сум на  мислење да тие и со амандманот на Владата на некој начин да бидат изедначени со вистинските формално правните закупувачи на деловен простор. Во таа смисла јас согласувај се со амандманот на Владата предлагам во ставот трети по ред од последниот став, текстот кој гласи: Кога на јавното надавање за ... оваа реченица да се прошири уште со: "односно на фактичкиот корисник на деловниот простор" со цел да се опфати и оваа категорија корисници фактички корисници на деловниот простор кои немаат непосредна врска со СИЗ-от за деловен простор, но кои го користат тој деловен простор согласно договор меѓу нив и претпријатието каде што до вчера работеле Конечно во наредниот став предлагам да се прошири "огласот за јавното надавање задолжително се објавува во дневниот печат" и би додал "и во весниците на јазиците на националностите". Притоа ја применувам аналогијата што ја имаме во врска и со приватизацијата на општествениот капитал каде што исто така, сме се согласиле сите огласи итн. надавања да бидат и во весниците на јазиците на националностите со цел да добие поголема масовност информирањето, со цел сите заинтересиран: да се јават на таквите надавања. Заклучувајќи ја оваа расправа во врска со ова прашање јас го повлекувам мојот амандман затоа што сметам дека делумно е на некој начин опфатен со амандманот на Владата. Меѓутоа, предлагам Владата да се согласи со овие мои проширувања што ги предлагам на нејзиниот амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам за повнимателно следење бидејќи едновремено се даваат и други предлози.

Можеме да констатираме дека амандманот што пратеникот Шабан Превал го поднесе на член 13 став 1 е повлечен. А доколку сега

предлага нов амандман, јас би молел во меѓувреме тој тоа да го поднесе писмено за да би можела и Владата да го каже своето мислење.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Сугестиите што ги даде господинот Шабан Превала околу додавање на став во членот 13 мислам дека тие и така како што е формулиран амандманот на Владата не ги исклучува решенијата што сака да ги внесе во ставот 13. Се работи за следното: Доколку тие договори што закупувачите што во законот ги спомнуваме се валидни законски, тие можат и да се јават, да се подразбере дека и тие се тие закупувачи кои под сосема рамноправни услови можат таа предност да ја користат, меѓутоа проблемот е што тие договори правно дали се во ред и дали биле во ред, дали имале право тие да го дадат тоа. Значи доколку е тоа така тие не се исклучени. Според тоа, нема потреба да додаваме. Значи прашање е на практика како ќе се докаже.

Второ, околу објавувањето во средствата за информирање на националностите. Ние во Законот викаме во средствата за јавно информирање во кои спаѓаат и тие средства за јавно информирање во Републиката. Според тоа не пречи во практиката тие огласи да се објават и во тие весници. Според тоа мислам дека нема потреба од додавање, може м». сето тоа и со" таков текст да се реализира.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Доколку пратеникот Превала не е задоволен со одговорот на претставникот на Владата, во меѓувреме молам да си поднесе амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Петар Горгиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот и јас мислам дека со амандманот на Владата се решени тие прашања. Токму амандманот на Владата имаше за цел да се вгради она што во расправата по Предлогот на законот повеќе пратеници изнесоа овде и во расправата и во амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Петар Горгиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, со амандманот што Владата го поднесе во нешто и се појаснува односно правото предимното право за купување со тоа што амандманот што јас го поднесувам во основа и ги уредува односите со досегашните закупувачи на деловниот простор, бидејќи имаше во меѓувреме веќе деловни односи помеѓу претпријатијата кои што го користеа тој деловен простор и самите вработени на база на франшизи. Така што со амандманот се предлага доколку сопственикот или закупувачот е правно лице со интерен акт може предимственото право на купување да го пренесе на своите вработени или на вработените кои деловниот простор го користат под франшизи. Сметам дека со ова само се надополнува амандманот на Владата и во никој случај не спречува да се реализира самата продажба на деловниот простор, туку на одреден начин ги уредува односите помеѓу претпријатијата како правни субјекти и правни лица и на вработените кои што на база на франшизи го користеа тој простор. Што значи дека прелимното право сега да може да му се пренесе на вработените. Инаку во текот на реализацијата на овој закон ќе има сигурно проблеми доколку не се прифати овој амандман. Сметам дека амандманот е во прилог на она што и Владата го предлага, со тоа што уште се допрецизира заради спроведување на самиот закон и

можноста да вработените во претпријатијата сега што имаат такви договори иако во амандманот на Владата стои дека треба да се имаат во предвид Законот за промет со земјиште и згради според кои носители на ова право се сосопственикот и закупувачот на деловниот простор. Тоа стои во образложението. Со една ваква одредба во Законот сметам дека ќе се допрецизира она што Владата веќе го кажува во образложението посебно во амандманот II на член 13, односно после став 1 да се додаде оваа одредба претходно што ја укажав. И со тоа сметам дека во самата примена на самиот закон ќе се отстранат одредени недостатоци што ги има и потешкотии во самата примена на законот. Значи самата функција на амандманот е тоа да се попрецизира она што во образложението веќе на амандманот на Владата стои.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Во овој момент добивме амандман од пратениците Хамид Алиу и Газменд Ајдарага со иста содржина како што е и амандманот. Ќе го оставиме накрај.

Дали некој друг бара збор по амандманот на пратеникот Петар Ѓорѓиев? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13, за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Петар Ѓорѓиев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 13 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Пратеникот Ефтим Манев, претходно бара објаснување.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Кога го пишував амандманот ги немав во увид амандманите на Владата дадени на членот 13. Сметам дека во суштина се многу слични. Амандманот на членот 6 беше изготвувам за амандманот кој што го поднесував на членот 13, бидејќи суштината која што ја барав да се регулира во овој закон е решена со тие амандмани, јас ги повлекувам овие два амандмани на членот 6 и членот 13.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Ефтим Манев е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1, поднесен од пратениците Абдурахман Алити и Алил Џафероски.

Дали подносителите остануваат на амандманот?

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Од истите причини амандманот се повлекува.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот на член 14 став 1 поднесен од пратениците Абдурахман Алити и Алил Џафероски е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 1 поднесен од пратениците Никола Апостоловски, Ефтим Манев.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали подносителите на амандманот го повлекуваат амандманот (го повлекуваат)

**НИКОЛА АПОСТОЛСКИ:**

Најнапред треба да напомнам на една грешка од писмото од Владата кое што се испраќа на 13.XII. Никола Апостоловски поднесува амандман заедно со независниот пратеник Ефтим Манев, а не со министерот Ефтим Анчев.

Во однос на амандманот на член 14 став 1 заедно со пратеникот Ефтим Манев поднесовме амандман со цел да се прецизираат некои работи. Овој амандман јас мислам во целост е прифатен од Владата и според нема што нешто фазла да се кажува, само да на- помнам бидејќи следува нов амандман поднесен од тројца пратеници меѓу кои сум и јас, бидејќи овој амандман се прифаќа од Владата, вториот амандман заедно со Борко Горчевски и Цветан Јовчевски го повлекуваме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот на член 14 за менување на став 1 поднесен од пратениците од Никола Апостолски и Ефтим Манев е повлечен. Исто. така амандманот поднесен на член 14 за менување на став 1 поднесен од пратениците Никола Апостолски и Борко Горчевски и Цветан Јовчевски исто така е повлечен. Исто така констатирам дека веќе е повлечен амандманот на менување на член 6 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Дали новиот амандман што е поднесен од пратениците Хаиид Алиу и Газменд Ајдарага на член 13 на Предлогот на законот став 1 е поделен на пратениците. (не е).

Дали амандманот од пратеникот Шабан Превала на член 13 став 5 и став 6 е поделен на пратениците (не е):

Дали пратениците се согласуваат да бидат прочитани овие амандмани.

Кој е за молам да крене рака? Констатирам дека Собранието се определи за поднесениот предлог.

Молам пратениците да ги образложат својот амандман на став 1 во член 13.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сличен амандман беше овде понуден, меѓутоа, ние имаме една верзија која е изменета во смисла на тоа ние на закуподавачот не му даваме право да може да го купува. Нашиот амандман гласи: "До колку сопственикот е правно лице со интерен акт може предимственото право на купување може да го пренесе на своите вработени, или на вработените кои деловниот простор го користат од франшизам. Слично образложение чувте од пратеникот Петар Георгев, меѓутоа јас би додал дека овде станува збор за едно доста важно прашање, а тоа се однесува на тоа како што нешто слично зборуваше и пратеникот Превала дека треба нешто да помогнеме по можност оние вработени кои ќе се најдат во ситуација да останат невработени. Состојбата ни е позната каква ни е во однос на стечајните работници, имаме доста такви, а таа армија на луѓе по се изгледа дека ќе ни се зголеми, па заправо од тие причини предлагаме ваков амандман со сопствениците им се даде предимствено право тие тоа свое право да можат да го пренесат на своите вработени

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Према потреба да се додаде овој амандман затоа што се работи за сосопственик. До колку таков се јави да е тој соспственик на објектот со ниеден закон никој не му брани да го пренесе кому сака тоа право, и

нема потреба да додадеме некој интерен акт. Тој е сосопственик, тој може тоа право да го користи и да го даде кому сака, според други прописи и да сакаме не можеме да му браниме, така да нема потреба од додавање на таков амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали предлагачите на овој амандман остануваат и покрај образложението.

**ХАМИД АЛИУ**:

Господа пратеници предлагачите јас и господинот Ајдерага остануваме на истото, а јас го разбирам господинот министер. Од практичен дел не е така, затоа што јас секогаш за овој закон сум бил против донесување на ваков закон од проста причина. Да беше донесен законот за денационализација уште тогаш ќе се прашувавме што можеа поранешните СИЗ-ови да продадат и што практично имаат можност да продадат. Поради тоа што законот за денационализација не е донесен, а се носи овој закон за продажба на деловни простори ние остануваме на таа основа. И ова е една голема неправда и има социјален карактер, па затоа го молам Собранието да го изгласа овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

И ова прашање во членот 3 е решено. Исклучени се од продажба деловниот простор кој на тој начин е земен. Тоа е праша&е во членот 3 е решено.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали предлагачите остануваат на својот предлог и покрај ова образложение.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го ставам предлогот на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (23 пратеници)

Констатирам дека предложениот амандман не е усвоен. Отворам претрес по предлогот на амандманот на Шабан Превала, во членот 13 став 5 точката на крајот на ставот се заменува со запирка и се додаваат зборовите :" односно на фактичкиот корисник на деловниот простор". И во ставот 6 точката на крајот на ставот се брише и се додаваат зборовите: "и во весниците на јазиците на националностите".

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас колеги пратеници останувам не заради тоа што сум тврдоглав, туку заради тоа што сакам да придонесам едно прашање да се , реши колку што е можно подобро, а со тоа да и помогнеме и на Владата во практичното спроведуваше на самиот закон. Станува збор за нешто што живее во практиката, нешто што фактички ќе мора утре во фазата на спроведување на законот да добие своја законска димензија. Изјаснувајќи се за прифаќање на амандманот на Владата со овие дополненија кон ставот 5 и кон ставот 6 на тој амандман, јас истовремено потсетувам дека во практиката навистина имаме случаи многу претпријатија за да си ги решат своите проблеми во услови во оваа фаза на транзиција, во услови на немање доволно стока за пласман и на ограничени можности за промет просто да се одлучат да ги користат сите креативни сили со цел да се реши проблемот на работното ангажирање на вработените, значи тие да не се отпуштат од работа од една страна, а од друга страна самите претпријатија со оној дел на вработените што го имаат да можат да си ја продолжат својата работа.

Според едно реагирање од Стопанската комора на Македонија потпишана од господинот Јаков Чаловски, директор на Јавор", кој потсетува дека на овој начин се решени проблемите на преку 40.000 вработени во Македонија. Тоа значи ако се има предвид и бројот на

работниците што се издржани од таквите вработени, тоа значи дека околу 200.000 во Македонија на некој начин се засегнати или би биле засегнати , до колку не се најде соодветно решение на проблемот.

Ние мораме да водиме сметка и за оваа категорија на луѓе кои користејќи ги своите способности за занимавање со бизнис, ете стапиле во деловен однос со сопствените претпријатија, ги зеле под закуп просториите и отвориле приватни дуќани. Мислам дека не може тие луѓе да бидат надвор од системот и тие да се стават во немилост при спроведување на законот. Напротив, мислам дека и ние мораме да водиме сметка во Парламентот расправајќи и донесувајќи го овој закон, а и Владата, а наша намера како пратениците е да помогнеме на Владата утре при спроведување на законот таа да нема проблеми, а ние како пратеници повторно можеби ќе реагираме за измени и дополнување на тој закон се со цел да помогнеме на нашите граѓани Затоа јас мислам во оваа ситуација кога мора сепак да се донесе овој закон, мислам дека еден компромис од ваков вид кој што јас предлагам, значи своевидно дополнување на амандманот на Владата мислам дека ќе значи придонес во смисла на решавање на проблемот на оваа категорија на луѓе. Не можеме да ги оставиме работите да се подизбираат.

Јас се согласувам со господинот министер за финансии дека тие се ставени на некој начин во исто со вистинските формално правните купувачи, меѓутоа, јас мислам дека со една додавка со едно дополнение во оваа смисла, како што јас предлагам кон ставот 5 мислам дека тоа уште повеќе ќе се допрецизира и нема да «е комплицира, а ќе биде тоа своевидно решение.

И конечно јас се согласувам дека околу објавувањето е решено во дневните весници. Меѓутоа, дневни весници на албански и на турски

јазик во Македонија нема. Има само весници што излегуваат секој втори, секој трети денови. Затоа јас велам ако беше формулацијата во средствата за информирање ќе се согласат и немаше да предлагам дополнување на ставот 6, туку заради тоа што нема, а тргнувајќи од одредбите на Законот за приватизација по аналогија предлагам да си стои ова образложение и во весниците на јазиците на националностите, затоа што тие не се дневни весници.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници дел од ставот 2 од амандманот поднесен од господинот Шабан Превала и во весниците на јазиците на националностите, точно е тоа дека дневни весници нема Владата го прифаќа. Меѓутоа, во ставот 5 да се додадат зборовите:"односно фактичниот корисник на деловниот простор" , Владата не го прифаќа бидејќи фактични корисник може да биде некој што неправно е вселен. Може да е диво вселен а ние да му признаваме право.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Околу ставот 5 за да нема недоразбирање, да бидеме до крај јасни. Би додал: "фактичкиот корисник кој има склучено договор со закупувачот на деловниот простор", за да нема диви корисници.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Прво не знам дали вака модифициран амандманот можеме да го ставиме на гласаше, бидејќи писмено не е добиен. Но бидејќи се договоривме усмено да биде предмет на расправа, ги молам пратениците да ја имаат предвид модификацијата што пратеникот Превала ја направам на својот амандман.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го ставам амандманот на пратеникот Превала на член 13 став 5 и 6 на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Констатирам дека предлогот на амандманот на членот 13 ставот 5 не е усвоен, а министерот го прифати амандманот на ставот 6. Предлогот на ставот 6 е прифатен и тој е составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Ние пред крајот на минатата година ја донесовме Стабилизационата програма, а програмата ја донесовме со цел да излеземе од тешката економска состојба. За излегување од ваквата економска состојба три елементи се битни во економијата. Тоа е да почне да расте производството, да се намалува безработноста и да има една прифатлива инфлација. Ја сите овие закони ги сфаќам во функција на таа стабилизациона програма. Ова не е некој системски закон. ова е изворен закон, наш закон кој што не е токму во таа функција на стабилизационата програма, затоа што со ваквите закони и некои други закони што веќе ги донесовме во претходниот период, рапидно и значително се зголемува невработеност во Републикава. Тој проблем на невработеност може да прерасне во такви размери, да одекне многу неповолно и по политичката и по економската стабилност на Републиката.

Владата кога предлага вакви закони, таа мора да го има тој елемент како присутен, особено имајќи предвид дека ние не располагаме со институции што се занимаваат со проучување каде е тој праг на издржливост, не само по стандардот, туку по сите овие елементи па и по невработеност, и каде е тој рубикон преку кој не смее да се поминува.

Ние сега практично ваков закон како што носиме, му прилега на едно пазарно стопанство, али пазарно стопанство кое веќе е уходано, прилега на пазарни стопанства какви што имаме во развиените земји на запад во Америка итн. Меѓутоа, таму проблемот на невработеност не е во таква мерка присутен како што е присутен на земјите што се во

транзиција или трансформација, меѓу кои што спаѓа и Македонија. Елементот на невработеноста во тие земји не е толку заострен, постои во многу земји како појава, али не појава во такви размери како што е во овие земји во кои што спаѓа и Македонија, каде што тој проблем е во голема мерка изострен. Така ние со донесувањето на некои закони што прилегаат на таа пазарна економија, немаме пазарна економија, само ги усложнуваме проблемите. Мораме, особено закони што не се од системски карактер да ги донесуваме така што ќе водат сметка многу пошироко за сите проблеми. Ќе се води сметка за проблемот на слободна циркулација, на слободна продажба, проблемот на продавање за средства, за ефектива итн., меѓутоа и проблемот кој ќе произлезе од споредувањето односно како последица во конкретен случај од зголемувањето на невработеноста.

Исто така донесовме еден закон некаде пред нова година за социјалното и пензионото осигурување и видовме дека во 1989 година ние на еден пензионер сме имале 5 вработени, а сега тој соодност, во минатата година имаме еден према два. Ако вака продолжиме, не водејќи сметка за оние што се вработени, на некој начин сочувувајќи ги елементите на пазарна економија, а тоа значи еве и Законот во првиот дел во оваа верзија ако ни беше предложена во членот 13 тоа го респектираше, па ако за тоа не водиме сметка ќе доаѓаме во многу потешки состојби и тоа што мислиме дека како ефекти ќе го постигнеме со собирање на некои средства, на другата страна катастрофално може да има последици.

Затоа се залагам да го задржиме Законот со членот 13 како што беше предложен во првата верзија и да не се усвојува и амандманот на Владата затоа што тој нема практична примена. Во лицитација нема исти услови. Во лицитација некој мора да има што ќе нуди нешто повеќе и затоа тој амандман практично нема примена. Јас ве молам во тој поглед

да водиме сметка затоа што социјалниот елемент, невработеноста може да остави крупни последици по сите прашања особено по прашањата на економската стабилизација и решавањето на економските проблеми.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници пред да се донесе овој закон би укажал на некои работи што се случија со донесувањето на поранешниот закон за станбени простории. Сметам ако и овој закон така се донесе ќе личи на тој што го донесовме за распродажба на станбените простории.

Како прво Владата треба да оди со принципиелни програмски структури и да изработи еден систем и програма за распродажба на тој деловен простор, а не како што се направи со станбените простории.

Продажбата да не оди така како што одеше со станбениот простор туку да се оди на продажба со пазарна цена и да се оди на денешните градежни пазари.

Да се утврдат исти критериуми за сите купувачи. Јас предност би им дал на штедачите и оние што го користат во моментот деловниот простор . При тоа да нема попусти и плаќање на долгорочни рати како што беше порано и со инфлационата стапка да се изгуби вредноста и за 40 до 50 години да дојде како поклон затоа што искуството покажа дека уплатниците беа поскапи од вредноста на ратата на станот, Или да не се случи како што имаше примери еден стан за една текнна на едно прасе 80 килограми а на некои за ист таков стан цената да биде 10 и 15 пати поголема. Да нема никакви привилегии н сите да бидат подведени под

еднакви услови. На некои дури покрај тоа што до 12 часот со тој закон не важеше инфлацијата за купување на становите, а откако тоа го направија одредени личности и ги зедоа становите, после 12 часот важеше инфлационата стапка и така другите беа погодени. Таквите работи треба да се изземат во постапката на овој закон за продажба на деловниот простор. Некои лица што ги купија становите со така ниски цени и рати за отплаќање, по направената божем пресметка излегло дека дале повеќе пари и им се вратија дел од парите. Тоа значи дека некој купи стан со иста површина за 30 или 40 илјади марки а некој го зема за 3,5 до 4 илјади марки, па дури и од тоа им се вратија назад дел од парите.

Како што реков предноста да ја имаат, но сите под еднакви услови во купувањето. Да нема попуст. Само штедачите да имаат предност како и оние што го користат деловниот простор меѓутоа да нема попуст дали го држел просторот сега или пак ако го купува со девизи да има попуст, а тука е она што секогаш нашите граѓани што купуваат со денарска противвредност треба да бидат обесправени. И оној што ќе даде толку марки не ќе даде повеќе ќе даде толку марки колку е вредноста и колку што ќе плати и оној со денари. Еднаш ние треба да ги доведеме граѓаните во една стабилна пазарна економија за да стартуваат со еднакви услови при купопродажбата, а тоа е негова работа со што ќе купи дали со марки или со долари.

Да се исклучи давањето на деловни простории на долгогодишни рати затоа што со ваквата инфлација уште од првата година просторот ќе биде исплатен. Или пак и при стабилна инфлациона стапка, каква што е во другите земји, ако се дава на рати сепак има извесна инфлација, во сите земји и така тоа треба да се пресметува односно инфлацијата во тогашната рата на плаќањето со важечката инфлациона стапка» сметано со стабилна валута како што е доларот или марката.

Со овој закон да се утврдат конкретните услови за продажба, а не како што досега тоа го правеше Владата, а и сега така се предлага, тоа да се прави со подзаконски акти. Со тие подзаконски акти може да се одредат одредени групации на одделни личности и како ќе се одреди цената за оваа личност а за другата личност друга цена. Затоа уште сега тие услови во законот под кои ќе се врши продажбата. Ако се оди со подзакоснки акти тоа ќе создаде групни интереси и бркотници. Таква бркотница се направи со продажбата на станбениот простор. И да не вели Владата дека тогаш свршивме убава работа со распродажба на станбениот простор, ами таа сврши една голема бркотница што никогаш нема да се оправда затоа што и Уставниот суд докажа дека таквите подзаконски и други акти се неуставни и неправични.

Исто тоа беше направено и со законот за работни односи и со оној закон за именување на раководни органи со цел да се зацврсти а тоа е случајот што го направи со РЕК "Битола" со именување на друг раководен орган при постојан раководен орган. И затоа се создадоа такви бркотници.

Зашто не се донесе Законот за денационализација. Се додека не се утврдат правно имотните односи колку ќе има таков деловен простор, неправилно национализирани и одземени и дури откако тоа ќе се утврди и откако ќе имаме чиста состојба, колку има општествен деловен простор, дури тогаш да се оди на распродажба а не како тоа што се правеше досега.

Во Уставот на Република Македонија пишува дека сме и социјална држава. Затоа при анализата кога ќе констатира дека има толку деловен и друг простор, треба да издвои, да остави еден општествен дел на деловен простор зашто тој ќе треба на државата и на Владата за натамошно работење, за отворање на нови конзулати, амбасади, за економски и други соработки со странство. Плус тоа треба во секој град и општина да има оставено еден дел таков станбен и деловен простор

затоа што знаеме ние дека ќе ни се појават а и имаме социјални проблеми што не ќе можеме да ги решиме ако целосно го распродадеме таквиот простор и социјалните семејства би ги оставиле на улица. Јас ќе изнесам еден пример дека дури и денешна Франција има такви социјални станови и деловни простории со што може да го решава проблемот на своите граѓани што се западнати во таква социјална криза.

**КИРО ПОПОВСКИ**:

Има збор пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, можеби трпението е при крај зашто почнуваме еве после 10 години како прва работа на ова Собрание, меѓутоа за мене овој закон е доста сложен и важен дури и пресуден и во принцип јас лично како лице кое и професионално се занимава со одредени социјални проблеми мислам дека не сум присталица да донесуваме закон кој што сепак ќе создаде една голема социјала, а таа социјала ми се чини, бар засега државата нема инструменти и средства како ќе ја разреши.

Морам да кажам дека за да се јавам за дискусија ме предизвика дискусијата на пратеникот Љубисав Иванов посебно заради тоа што тој рече и потенцира што значи овој закон и какви се неговите последици заради тоа што самиот закони, според денешна "Нова Македонија " , па и сите други. анализи што беа направени од Комората и од другите се појавува дека ние ќе имаме околу 40 илјади лица што би биле невработени а ако дојде до промена на сопственоста на овој деловен простор Сега јас се прашувам не заради тоа што овие 40 илјади вема да бидат заменети со нови 40 илјади туку се плашам од Законот што во практична смисла би направил некоја конфликтна состојба. Јас да ви поставам едно прашање на сите вас пратеници овде, и на Владата, за

практичната примена на законот дали една стоковна куќа во Скопје во која има вработено 500 односно 1000 лица, под ударот и промените на сопственоста кога ќе дојде, како тие луѓе ќе ги истераме од таа стоковна куќа во која работеле преку 20 односно 30 години. А јас тврдам дека со промена на сопственоста, новиот сопственик ќе обезбедува нова организација и ново вработување заради познати причини, за да добие поголем профит. Јас зборував своевремено дека егоизам во приватизацијата е присутен и ќе биде присутен уште повеќе. Тоа го доживеавме пред малку со низа промени а тоа ќе го доживуваме и понатаму. Затоа лично сметам дека одам со една голема бојазност дека ако го донесеме овој закон денеска дека тој ќе нема практична примена и вредност. Во пракса како тој истиот закон ќе го примениме? Зошто ова го зборувам Многу ни беше полесно да го донесеме законот за трансформација на општествениот капитал. Во тој закон обезбедивме низа привилегии на вработените лица. Ако некој економиста пресмета, јас не сум економиста меѓутоа доаѓаат привилегии дури и 60% од вредноста на капиталот да биде ан страна на оној што го купува.

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (продолжение)

Ако зборувам еза Законот за станбени односи, тогаш допуштивме низа пропусти, да не кажам и привилегии на сопствениците на становите за да тие станови ги добијат по багателни цени, меѓутоа за мене тоа е оправдано заради тие луѓе што на некој начин вложувале средства во Станбениот фонд и сега дошло до ситуација да го купат тој стан итн. итн. Меѓутоа овој Закон не може ние да го споредиме со претходните тие два закона па заради оваа ситуација заради Законот што носи одредени последици и како таков закон морам да ви кажам имам голема дилема дали треба да гласам или да се воздржам од причини што самиот закон е многу дискутабилен и ќе доведеме во ситуација да имаме наши 30 илјади вработени, сега вработени да бидат ослободени по разни основи, а да не зборуваме за малверзации, некој ќе го купи станот, а по 20 дена ќе го продава како што ги продававме становите. Денеска го купивме станот за 1000 марки а го продаваме за 40 илјади марки. Тоа е допуштено заради тоа што пред малку кажа министерот дека сопственикот, кој ќе биде сопственик на деловен простор има право да го отуѓува, односно да го дава на вториот.

И во таа смисла јас се воздржувам од гласањето по овој Закон.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, јас излегов да демантирам одредени невистини изнесени овде. Не Сум зборувал за сосптвеникот, туку за сосопственикот, тоа средствата за јавно информирање и Радио Скопје новинари кои градат камен три на погрешни тези не читајќи го зборот сосопственик туку сопственик, па ги напаѓаат предлагачите како е можно сосптвеникот да има предност и ми се чини дека се тие работи

недопустливи, само тоа е нивно право. Според тоа, не може да биде предмет на расправа она што пишува во весниците бидејќи таму има доста непрецизности податоците се произволни, и на член 15 каде што Владата презема одговорност работата да оди програмирано. Не е вистина дека има големи стоковни куќи во сопственост, а предмет на продажба е државниот деловен простор. Тие ќе бидат предмет на трансформација со Законот за приватизација на општествениот капитал.

Околу социјалата, околу тоа дали овие односи што ги имаме сега да ги задржиме понатаму ние, сакам да ве информирам дека овој Закон беше во пакетот на законите каде што кажавме и докажавме пред светот дека сме определени со крупни чекори да одиме кон приватизација и на државниот и на општествениот капитал. Таа определба мислам дека е и од овој Парламент, и од сите пратенички групи е прифатена. Не можеме да дозволиме начелно да се изгаснеме за едно таква определба, а кога доаѓаат конкретните закони и акти ние да бидеме против.

Овој процес на приватизација ќе има определени тешкотии, ние за тоа сме свесни и меѓународните автори што ни помагаат во овој процес на транзиција исто така знаат дека ќе имаме одредени последици на социјален план и во пакетот на мерки доста зборувавме кои напори ќе се вложат да се ублажи, а не сосема да се избегнат последиците на социјален план. Меѓутоа, за да не дојдеме до тие проблеми ние, всушност стануваме од ден на ден сите социјални случаи. Овој деловен простор го менува сопственикот, он останува во оваа држава, таму ќе работат луѓе и натаму граѓани на оваа држава ќе работат, само што го менуваме сопственичкиот однос затоа што државната и општествената сопственост се докажаа како неефикасни во историјата и тие доведоа до

пропаѓање. Оваа држава, оваа актива што ја има изградено должи две милијарди долари на девизните штедачи и на странските доверители. Ние со продажбата таму велиме дека средствата ќе одат за сервисирање на долгот на оваа држава спрема граѓаните на оваа држава што го донесе тој закон овој Парламент. Според тоа, оваа е во функција токму одлучно да излеземе и да не ги одлагаме процесите на трансформација на општествениот и на државниот капитал. Секое одлагање и секое носење закони може нас да не соочи со уште поголеми социјални проблеми ако ги донесеме, а кога тога ќе мора да ги донесеме.

Ние ги проширивме, членот 2 да опфати цел државен имот кој не служи на Министерствата да биде предмет на продажба. За таков имот станува збор. И, не сум рекол сопственик, туку сосопственик, а тоа не е исто.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господо, законот кој е на дневен ред за продажба на станбен и деловен простор на Република Македонија мислам дека треба да го донесеме и за тоа ќе гласам и не може да се одлага затоа што како што кажа и министерот дека е во збирот на пакет мерките и овој закон и е потребен да се донесе. Меѓутоа, сакам да предупредам зошто до сега не го донесовме Законот за денационализација како би се вратил и просторот кој е незаконито одземен на граѓаните по ослободувањето по пат на национализација и други мерки кои се спроведени што имаат право граѓаните.

Мислам дека треба да се убрза Законот за денационализација и да ги реши овие проблеми кои граѓани имаат право, сигурно, тоа е докажано, имаат право да им се врати на граѓаните имотот. Не можеме да продаваме туѓи имоти кои биле сопствениот на некои граѓани,а денес располага Република Македонија, да го продаде, а подоцна со денационализација, со Законот за денационализација да се утврди дека тој имот е продаден незаконски. Мислам по брза постапка да се донесе Законот за денационализација и со тој Закон ек бидат решени и овие проблеми кои што се отворени. Сигурно дека не е таа голема вредност која била, меѓутоа колкава е толкава е, треба да се врати на граѓаните, затоа се залагам и мислам да се стави во задача на Владата во најкраток , во најбрз рок да се донесе Законот за денационализација и тој да влезе во овие мерки на стабилизација.

Приватизацијата мора да се спроведе, да оди побрзо, но по пат на враќање на имотот, по пат на продавање, па ако треба по пат на давање на кредит, на почек, главно приватизацијата мора да се спроведе ако сакаме РМ да го подигне стопанството, односно стопанството да почне да стопанисува, да работи, а со тоа да бидат и приходите подобри и зголемени.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пред да дадам збор на следните дискутанти, почитувани пратеници би замолил и би ве потсетил дека начелната расправа по Законот заврши, дискусија е сега можна по текстот на Законот. Имам впечаток дека некој пратеници говорат најмалку за Законот.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Имотот, што претходниот почитуван пратеник Паунов во членот 3 е исклучен и не е предмет на продажба имотот што е одземен од граѓаните според разни прописи и критериуми.

Законот за денационализација идната недела, Предлогот за донесување закон Владата ќе го поднесе на Парламентот.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо, иако помина Нова Година може ли малку занос, малку сме индиферентни во дискусиите овде што произлегоа од одредени пратеници, јас мислам дека многу потрезвено треба да се гледа барем на две дискусии овде што беа изнесени од двајца наши пратеници. Мислам дека тоа прашање е доста сериозно и Владата, јас не ги оспорувам заради тоа што имала една своја концепција и ја гради на таков принцип, прво да донесе одредени закони по одреден редослед, да речеме како што беше законот за царини, па потоа да се донесе Законот за тарифите, и сега пак по обратен ред со вакви закони, меѓутоа во потполност го респектирам она што го изнесоа овие двајца пратеници во поглед на она што треба да се создадеа во РМ од продажбата на деловните згради и деловните простории на РМ.

Не треба да се занемари фактот за онаа социјална структура во РМ што треба да се зголемува, а евидентно е тоа дека денес, во дадениот момент таа структура е значителна зголемен а по различни основи, дали со стечај на одредени претпријатија или одредени фирми, дали со вадење на технологии вишок на вработевте итн. Ние нашите специфични состојби во РМ треба да ги градиме врз реални основи а не врз она приоритетно дека еве на Западот или ММФ или некои светски европски институти ни кажуваат дека за трансформација треба да

чекориме со крупни чекори напред. Ние треба да чекориме, но сите наши прилики и неприлики да ги сообразиме со она што ни е реално во Републикава. Ние не можеме да преминеме преку фактот дека тој број на невработени, тој број на таа социјала што се создава во РМ ќе гарантира и успех на оваа стабилизациона програма што ја понуди Владата за 1994 година или за првото шестомесечие од оваа година.

Кој ќе гарантира или не ќе гарантира ако тој број се зголеми до таков степен во РМ заради прелеваше на општествениот капитал во приватни раце заради групирање на одредена економска моќ во одредени центри во државата и на одредени луѓе во самата држава не ќе се создаде еден таков антагонизам кој ќе доведе до немили сцени и да може да пропадне сето ова што претставува како проекција на Владата на РМ.

Ние треба прво да го мислиме најлошото што треба да се случи во државата, а доброто доаѓа како последица на се она што сме го размислувале претходно. И, затоа е моето размислување слично со размислувањето со Љубисав Иванов и на Бранко Арсовски. Треба малку да бидеме по трезвени и мислам дека треба овој закон денес да не избрзуваме, да не го донесеме. Јас посебно се обраќам до позицијата да не гласаме бидејќи има одредени соседи во РМ кои не само изминатите години во поранешниот систем се спроведуваат како една стратегија продолжуваат да ни се спроведуваат и денес во РМ и на мала врата секогаш не само заради тоа што овде беше истакнато дека во дневните информативни гласила треба да бидат ставени огласите и на јазиците на малцинствата.

Во секоја граѓанска држава никаде не се потенцира и не се објавуваат конкусиите на 10 или 15 јазици на националностите. Се знае кој пазарен механизам ќе дејствува во државата. Но, бидејќи ние сме во една таква трансформација, бидејќи сме пречувствителни на тие односи што се создаваат вештачки во РМ каде што општествениот или општо капиталот, економијата во РМ 30 или 40% е во рацете на одредени кругови и на одредени осмислени стратегии што делуваат во РМ мислам дека треба малку поинаку да размислуваме, да ги поддржиме дискусиите на овие двајца пратеници што ги спомнав во мојата дискусија и овој Закон треба да го оставиме за потемелно размислување и да го донесеме во наредниот период, но, велам со некоја друга поизградена стратегија, затоа што во овие три години во овој македонски Парламент она што јас сум го размислувал како стратегија и она што сум го читал и што сум го соочувал во никој случај не ми доаѓа на памет дека со една ваква концепција и градење на развојот во РМ не ќе се случи еден паралелизам кој ќе ни се одмазди, опасно ќе ни се одмазди за наредниот период, а тој денес моментално не се гледа моментално од денес за утре, тој се гледа наредните 10 - 15 години а тоа тие што поткупуваат во РМ добро го знаат и каде ја усмеруваат битката за усвојување на капиталот и економијата во РМ.

Од тој аспект треба да размислиме подлабоко не заради друго.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам да се држите за текстот на Законот.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани дами и господо, овој Парламент ако добро Се сеќаваме се определи за пазарна економија, да донесува закони кои ќе обезбедат пазарно стопанисување, пазарна економија, и менување на сопственичката структура. Од денешниве неколку дискусии од

почитуваните колеги и пратеници, можев да заклучам дека еден мал дел од нас е за задржување на статусќво состојба.

Иако ова не е начелна расправа во Законот, се впуштивме дали има потреба или нема потреба од донесување на овој Закон, дали ќе згрешиме за ова или за она. Од истите дискутанти не слушна: ништо околу девизните штедачи, а истите г-да ги имам слушано барем по десет пати овде по најразлични поводи да тажат за девизните штедачи како што се опљачкани парите и сл. Јас сакам да ги прашам и да ми кажат како ќе ги вратиме средствата на девизните штедачи ако не на овој начин како што овој Закон предвидува и многу други законски проекти кои се во функција меѓу другото и на обезбедување на девизни средства односно на средства за враќање на долгот спрема девизните штедачи. Или пак не ни е намерата да го решиме проблемот туку едноставно да си правиме маркетинг и да кажеме на девизните штедачи, а од таа работа тие луѓе немаат чар.

Оваа држава и овој Парламент се дури не расчистат долгот према девизните штедачи мислам дека крајно е неодговорно, некоректно да размислуваат за било што друго. Не може поинаку. Овој Закон и вакви закони само можат да обезбедат бел образ на овој Парламент и на оваа држава. И затоа ви се молам немојте сега да ги префрлате односно да се префрламе на друг терен дека ако ги купат некој ќе ги избрка работниците. Веројатно таму нема да работат птици, исто така луѓе ќе работат. Ќе се мени само сопственици, инаку потребата од работници останува и понатаму во зависност од развојот на претпријатијата односно на работата. Нема никаква причина да ги мешаме работите туку да се држиме строго која цел овој Закон сака да ја постигне. Токму целта се постигнува на овој начин, со обезбедување на пазарен начин на

продажба на имотот на оваа држава за да може да се формираат обврските спрема штедачите . Инаку, по истата логика и фабриките ќе добијат сопственик.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:** (Продолжение)

Ќе има титулар на сопственоста, ќе ги избрка работниците. Веројатно, и таму ќе треба работници. Нема никаква причина овде да ги мешаме работите, и сметам дека овој закон ја обезбедува целта и требаваков како што е да се прифати.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Голубовски:

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

По текстот "да", меѓутоа јас сакам да објаснам зошто ќе гласам против донесување на законот, па тоа ќе ни дозволи легално образложение и во принцип. Затоа што сметам дека концептот беше друг околу менување на сопственоста. Ние се договоривме дека тоа треба да се одвива преку Агенцијата за приватизација. Овде сега наеднаш по прашањето на деловниот простор се избегнува од тој глобален принцип што, секако, предизвикува повеќе дилеми околу исправноста, но и доста сомневање околу мотивите.

Втора причина зошто нема да гласам за донесување на овој закон е заради тоа што Владата не поднесе паралелно и програма со која што ќе се ставаат под контрола ситуацијата и процесите што ќе настанат како последица од големиот број нови невработени.

Да завршам со едно прашање, бидејќи една од дискусиите ме испровоцира на тоа околу девизните штедачи. Сакав да прашам зошто се уште е неприкосновен имотот и банките како да ништо не се случило во врска со нивната обврска, тие си работат нормално. Познато е дека има средства и во странство, познато дека имаат имоти и некретнини, кој што значително можат, доколку се стави во процес и таа можност да

послужат за враќање обесштетување на девизните штедачи. Мислам дека намерно се манипулира со одредени работи за да се создаде една конфузија и во целата таа ситуација се влечат оние потези кои што одговараат на Владата и интересите кој што стојат зад Владата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Алиу.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Земајќи предвид дека прва седница во 19 94 година ни е г-дине потпретседателе, а претседавате со седницата, јас лично протестирам. Ние денеска во дадениот момент немаме расправа по законот дека имаме расправа по текстот на законот. Ве молам, ако некој има стручно и научно да докаже нешто по текстот на законот нека изволи нека повели на говорницата. Ниту се расправав за малцинства, а жал ми е за тие колеги кои 4 години скоро се овде, а не знаат дека во Македонија има само народи.

Второ, сами сте го гласале тој Устав да се придржувате.

На крајот тие што почнале со маркетингот им е многу тешко, а не верувам да имаат кондиција до крајот на годината да постигнат.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Јас мислам дека сето она што го дискутиравме, ако некој најпрво е виновен за тоа што започна таква дискусија беше позицијата Бидејќи од

позицијата произлегоа такви предлози и ние само едноставно се надоврзавме на таква дискусија. Овде стана збор за лаичко размислување или за враќање на девизните штедачи од РМ дека со овој закон ќе се вратат. Тоа беше протолкувано со претходните закони кои ги донесувавме ние во РМ и овде во овој Парламент. Иако еден претходник овде кажа дека ќе се вратат девизните штедачи, треба да биде доволно храбар овде на говорница кој ги зеде тие девизни заштеди и во кое својство треба да се вратат. Уште на самиот почеток на овој Парламент беше овде потегнато едно прашање околу девизните заштеди на граѓаните и заробените девизни средства. Нека кажат кој ги зеде, за што се употребени, а за враќањето допрва ќе видиме, ние имаме различни концепции и како позиција и како опозиција. Нормално, јас се приклучувам на овие дискусии повторно и кон дискусијата на Голубовски и нема да гласам за овој закон, а ја повикувам цела опозиција да гласа против овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Процедурално се јавува г-ѓица Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Би сакала процедурално да реагирам и да му обрнам внимание на претседавачот, на г-динот Киро Поповски, кој што не го опомена пратеникот Хамит Алиу* бидејќи употреби неточни категории, неуставни. Факт е дека во РМ, тоа е содржано и во преамбулата на Уставот постои македонски народ и националности. Ве молам, претседавачот да реагира на вакви дезинформации и невистини кој што се кажуваат од говорницата на македонскиот парламент дека во Македонија постојат повеќе народи..

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислам стана збор за амандманот на пратеникот Превала кој говореше за објавување на текстовите на јазиците на македонскиот јазик и јазиците на националностите.

Дали некој бара збор?

Пратеникот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе го изнесам својот став по однос на законот и ќе му дадам поддршка на излагањето на г-динот Бранко Арсовски и на г-диот Теодосија Паунов. Сметам дека е неопходно ваков закон да се донесе, тука немам дилема, меѓутоа без да се донесе закон за денационализација да се обесштетат оние на кои им е одземена имовината, а сега според овој закон треба да припадне на оние што по посебна привилегија преку досегашните СИЗ-ови ги добиле деловните простории, па ги користат. Користејќи ги тие деловни простории, зависно каде е нивната локација, си стекнале добар имот, па си купиле уште сопствени други деловни простории, а такви примери има многу, па сега имаат шанса и овие деловни простори да ги купат. Мислам дека овој закон баш овој проблем не го регулира. Никаде не стои ако корисникот на деловниот простор што го добил преку СИЗ, ако е сопственик на свој деловен простор, значи, има други деловни простори купени со сопствени средства дали има предимство да го купи и овој деловен простор што го користи, како што е и во законот повеќе од 3 години. Јас сметам дека тоа не е исправно.

Потоа, улогата на јавниот правобранител и овде е карикирана како што беше и при законот за продажба на општествени станови. Тој после 6 месеци има право ако не е постапено според договор, цената не е спрема законот, да го поништи договорот. Неговата улога беше

карикириана и при продажба на општествените станови. Како што знаеме тука направивме збогатување на голем фонд на луѓе, а најмалку ги обесштетивме штедачите, затоа што јавниот правобранител наместо таквите појави да ги спречува на оние луѓе што го изгубиле станарското право, заради тоа што при користење на општествените станови добиле плац за изградба на куќа, изградиле куќа, кредити зеле и на нив тој им дозволил да купат станови за багателни пари и тие веднаш ги отуѓија. Значи, направивме еден слој на неправилно збогатуваше што е противзаконско Јас досега не знам јавниот правобранител тука да се вклучил и на оној што фактички го изгубил станарското право спрема законот да му оспори за купување стан. Гледам во Н. Македонија излегуваат од Крцковски таму правни совети, кој е дециден, значи, тука таквите луѓе кој го изгубиле станарското право, што користеле кредити, зеле плац и др. немаат право да купат куќа. Значи, аналогно на ова, ако корисникот на деловен простор, за време на користење на тој деловен простор се стекнал со свој сопствен деловен простор, а такви примери има, значи има државен дуќан, деловен простор и има 2, 3 негови сопствени дуќани. Мислам дека сите знаеме дека има такви појави и никаде во законот не стои дека таквите се исклучени, мислам немаат право да го купат и овој деловен простор што е по овој закон.

Потоа, добро би било со овој закон навистина ги обесштетиме девизните штедачи. Со овој закон за продажна општествен станови тоа не се случи. Знаеме дека им ветивме дека ќе имаат по 100 германски марки месечно и еве во последно време ни тие средства не им се исплаќаат. Тие реагираат. Има луѓе кој имаат по 600 или 800 или милион марки заробени во банките како заробени девизи, јас никаде во овој закон не гледам дека тие имаат предност во однос на сопственикот или

корисникот на овој деловен простор да го купат тој простор. За мене тоа е право обесштетување на девизен штедач. Вистинско обесштетување. Тој вистинска предност нема.

На крајот би кажал дека комплетно се сложувам со констатацијата на г-динот Наќе Стојановски, кој на прекинатата седница кажа дека овој закон треба да биде закон за поклон. Значи, да му поклониме на некому деловен простор за багателни пари. Нема да гласам за овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Министерот за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, интервенирам само таму каде што се изнесуваат нотoрни невистини, без да се прочита законот. Предмет на продажба според одредбите на овој закон не е деловниот простор стекнат врз основа на присилни прописи, национализација, конфискација, до завршување на постапката според прописите за денационализација. Тука пишува во законот. Не може да се рече дека девизните штедачи немаат предност кога средствата се прибрани со продажба на лицитација ќе одат за сервисирање на долгот спрема девизните штедачи целосно. И дека 15% ако конкурира, ако докаже дека е со девизно штедење или со пари од девизно потекло, исто така 15%. Не е вистина дека не сме воделе с/ка туку токму тие моменти се во законот внесени. Ве молам, законот има 16 члена, па може да се прочита дека тие проблеми се токму тие решени во законот. Не се ни 100, 200 ни 300, туку само 16 члена.

**КИРО ПОПОВСКИ**:

Пратеникот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас определувајќи се за по однос на овој закон ќе пигментирам една ретроспектива и ќе потсетам. Ние како Парламент и безмалку сите политички структури се определивме за трансформација на општествениот и државниот капитал во насока на негова приватизација.

Понатаму, пред извесно време со мнозинство на гласови овој Парламент ја усвои антиинфлационата и економската политика во РМ за 1994 година.

Понатаму, големи расправи и безрезервна поддршка на изнаоѓање решенија за надоместување и обесштетување на девизните штедачи. Попатно да кажам сите се залагаме и како граѓани и како политички субјекти за рамноправност во третирањето по однос на задоволување на одредени права. Овде изнесените несогласувања по однос на прифаќање на овој закон не можам да ги разберам поинаку освен кочење на конкретната реализација на дел од веќе усвоената економска политика во Републиката каде што еден сегмент е и овој закон, регулативата што ја содржи овој закон.

Понатаму, кочење на самите процеси на државниот капитал непрактично и недоследно опстојување по однос на изнаоѓањето на решенија за обесштетување на девизните штедачи. Овој закон, по мене, има 3 цели и тие се доминантни во однос на неговото усвојување.

Прво е целта за извршување на трансформацијата на државниот капитал во име на деловен простор.

Втората цел е што се постигнува овде тоа е преку можноста за купување односно продажба на деловниот простор да се ангажираат заробените девизни штедни влогови и мислам дека тука и најголем е досега изразеното реагирање на граѓаните и заинтересираност своjте заробени девизи на некој начин да ги активира преку купувањето на ваков деловен простор. Мислам дека тука ќе биде во оваа форма

најголемиот ефект за разлика од ова што го кажа министерот дека ќе се обезбеделе средства за сервисираше по постојниот закон. Мислам дека во првата форма поголем ефект ќе се создаде за самите девизни штедачи.

На крајот она што е најбитно, оние што досега ги користеле привилегиите по однос на користење на овој државен деловен простор со овој закон се сака, не да се стават во нерамноправна положба туку и другите граѓани рамноправно на јавно наддавање и лицитација преку продажбата на просторот без да се укинува нивното право да можат и тие да го купат, туку рамноправно да излезат со една пазарна цена, што е пак постигнувањето на таа пазарна цена интерес и корист за државата за обезбедување на тој фонд за обесштетување на девизните штедачи.

Од ова образложение и аргументација мислам дека не треба да постои глумење и резерви по однос на прифаќањето на овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Пратеникот Трпчевски.

**ДИМИТАР ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа, вистина е потребно донесување на еден закон, со што и овој деловен простор ќе си го најде своето место во прави раце. Меѓутоа, како и претходните дискутанти кој што станаа во одбрана на девизните заштеди, односно девизните штедачи мислам дека и овој пат девизните штедачи ќе станат со покуси ракави затоа што законот кога беше донесен за продажба на станбениот фонд истите девизни штедачи немаа никаква предност, така и во овој закон јас не гледам никаде дека

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:** (продолжение)

Девизите од девизните штедачи не беа откупувани ниту по девизен курс, не беа откупувани ниту по курсот на банката на девизните штедачи, дури по некоја, да речеме вредност на малена за 40%. Исто така, во овој закон никаде не гледам дека девизните штедачи имаат некоја предност. Дури, се ставаат некаде на трета линија. На прво место се оние носители на деловните простории, вработените исто така, а додека доколку остане неоткупен дотичниот деловен фонд ќе може да учествува рамноправно и девизниот штедач. Нели е тоа една штета и да речеме штетеа не поради овие девизни штедачи, туку поради тоа што до ден денеска ниту еден девизен штедач не внел во банка девизни заштеди од странство ниту пак од домашниот пазар купен по црн девизен курс.

Затоа, во овој случај се откажувам од гласањето по овој закон односно ќе се воздржам од гласањето.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, еден од говорниците овде кажа дека сме се изјасниле да одиме на приватизација на општествениот имот. Јас тоа го потврдувам, меѓутоа, приватизација на општествениот имот не треба да значи дека од него треба да се откажеме на било кој начин.

Ве молам, јас, господине потпретседателе, знам што говорам.

Зошто ова го кажувам? Како што е предложен законот во одредбата на член 12 е предвидено продадените девизни средства н добиената противредност во денарски износ се уплатува на сметка на Буџетот на Република Македонија. А, ако се уплати ефектива, се

уплатува таква девизна ефектива на сметка на Народната банка на Република Македонија.

Јас, ваквиот Предлог на закон го гледам од коалицијата, затоа што влегуваме во предизборна година да може со овие средства да се манипулира, кога сака, по програмата на Владата да се продадат поодделни делови од деловниот простор , а тие пари ќе одат во Буџетот. Тие пари ќе одат во Народната банка, а тие пари ќе се стекна од оние на кои ќе се продаде тој имот. Значи, се врши форсирање на една политичка групација. Тоа е првиот дел.

Вториот дел, што е најбитен, ова Собрание како орган на власта односно законодавна власт, зеде обврска да ги намири долговите на девизните штедачи. Токму членот 12 говори спротивно дека парите ќе отидат во Буџетот, па ќе биде она "појела маца све што било" ќе отидат во Народната банка, таа ќе прави завршна сметка и вишокот ќе го распореди во Буџетот. Како сакате така одите, пак во Буџетот. Значи дека никој не може да даде гаранција дека од овој имот тој што ги дал парите и чии пари се таканаречено депонирани или погрешно депонирани, а ставени за штедење, не можат од никаде да се наплатат.

Поради ова овакво законско решение во Законот јас тврдам дека ние не треба за овој закон да гласаме. Ќе добиеме уште еден извор Владата да може слободно да кажува - Еве господа како ние работиме. Немаме социјални проблеми, немаме ништо но парите од продадениот имот одат во Буџетот и од Буџетот Владата врши трансформација, и насочуваше како да се трошат. Ова е моментот за што ќе треба како Собрание да водиме сметка.

Вториот дел за што зборуваше г-динот Митевски по однос на улогата на јавниот правобранител, јас не знам каква е таа улога некој да се прати да види и да може за шест месеци да го оспори тој договор. Господа пратеници, ако некој добил и новина на лицитација, не може никој тој договор да го напаѓа. Правилото во лицитација е правило на демократија, правило на економски силниот, оној што платил ќе има и новина кој ќе му ја оспорува. Ние во самиот закон правиме противречност еден на друг и не ја гледаме суштината на законодавството од цивилното право. Ние имаме облигации каде се решава јавното наддавање, што се добива со него веднаш сега јавно наддавање, корекција со Јавен правобранител. И, тоа не држи, тоа е вонуставна категорија и пак се враќам на господинот Митевски кога говореше за одреден број простории.

Ако одиме на пазарна економија тогаш бројот на просториите не се запазува. Ние ќе се вратиме пак на ограничена сопственост, ограничен плафон на сопственост, а Уставот дава неограничено стекнува Значи, ако се прифати таква солуција и да се врати законот на доработка на Владата, таквата работа би била лоша работа и јас сметам дека тоа е вон уставно решение.

Уште едно, по член 13 иако Владата дала нов предлог за измена на содржината на истиот, јас сметам дека она што е решено со облигација да не се повторува овде, затоа што ќе направиме колизија во правата и тогаш не ќе се знае што е поточно, дали ова што овој закон го предвидува како специјално право или она декларативно и општо правило да се чита еднакво.

Со сопственикот и корисникот на деловниот простор или на имотот по Законот за облигација имаа првенствено право на купување. Кога првенственото право на купување е предвидено со еден закон да не му ги ускратуваме правата што ги имаат начелно никому. Овде се дава нов начин на проценка со која ќе се оди, како ќе се нуди по овој закон за купување. Или, на крајот вели што значи пазарна вредност, дека го дава како пазарна вредност. Под пазарна вредност , како почетна вредност, вели онаа вредност што е понудена на купувачот, односно на сосопственикот и корисникот на деловниот простор. Што е тоа? Дали некој ако каже дека на тој му е толку понудено и толку е?

Вториот дел што не ми се допаѓа овде, пак се предвидува дали понудената цена на сосопственикот ќе треба да биде вон уставното ограничување, односноно уставната слобода за продажба на општествен имот, односно, ограничување на сопственоста дека може да биде само ако се плати пазарната вредност. Штом говориме овде за пазарна вредност, значи и на сосопственикот и на корисникот на закупувачот не може да биде помала од пазарната вредност. Со овој закон не може да се ограничува и да се кажува што тоа претставува.

Пазарната вредност е она што ќе се постигне. Една работа може да има пазарна вредност по самата местоположба, самиот начин на користење, начин на интерес, еден квадрат на едно место да биде еден денар, а истата површина со многу подобар квалитет градежен да има 1000 денари. Што значи дека интересот мора да се бара од пазарот, а не интересот да се бара од проценувачот.

Сега доаѓа процена врши Министерството, а контрола врши Владата. Министерството, чие е? Пазарната вредност како ќе се проценува? Тоа е проблемот. Значи, основниот интерес е вредноста на она што се продава колку има заинтересирани. Тоа е токму правата пазарна вредност, а не пазарна вредност, јас ќе определам за овој толку, за оној онолку.

На крајот што беше за мене интересно во првиот дел на законот, кае говори што не може да биде предмет на продажба. Како ќе определиме кога немаме денационализација, кога преку неспроведување на Законот за денационализација и враќање на имовината на поранешните сопственици, каде имаме сега мешање, доградување, надградување, подобрување, сите тие основи и ако не ја издвоиме поранешната сопственост, како и на кого ќе му дадеме предност?

Господа, мора ова да се спроведе како претходно прашање, а на оваа работа ако некој го следел настапот на министерот за стопанство и директорот на "Бетон" г-дин Поповски, кажаа што работат во Чешка, дека прво и основно што направија , се врати туѓата имовина, да се знае што е државно, односно општествено. Ние сега ќе продаваме општествено измешано со приватно, а после ќе ги делиме. Откако ќе го смелеме житото, брашното после ќе го делиме на чисто и мешано.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Ѓорчески.

**БОРКО ЃОРЧЕСКИ:**

Доста се зборуваше за овој закон, јас ќе гледам да бидам што пократок. Но, кога морам ќе повторам.

Пред донесување ис проведување на законот за денационализација и јас не би се согласил за овој закон, макар што е потребно донесувањето на овој закон. Зошто, беше речено ќе се создаде уште поголем хаос, а претходниот пратеник рече откако ќе се сомеле житото да го делиме пченичното од ржаното или јачменото, откако сето заедно ќе се сомеле во брашно.

Да кажам дека доста се манипулираше со девизните штедачи. Зошто велам дека се манипулираше. Многу често од овде се зборуваше дека на овој или оној начин ќе почне да се враќаат девизите на девизните штедачи, како што беше претходно речено овде со продажбата на становите, односно да речам со грабежот на становите што се изврши. Истото го правиме и сега. Гарантирам дека по извесно време од овде пак истите ние ќе го речеме истото, со грабеж што ќе се изврши на овој простор.

Начинот на кој , доста се прашуваме овде на кој друг начин, ако не на овој да се вратат девизите на штедачите? Тоа е многу лесно, само не сакаме да го сториме. Тоа е наједноставно како да се вратат, дури и да останат девизи. Јас сум за еден закон, по мое, донесување на закон за формирање на една државна комисија од млади перспективни стручни лица, кои досега не се вмешани во никаков арамилак и таа комисија да го носи насловот за испитување на потеклото на имотот. Наједноставен начин за враќање на девизите на девизните штедачи. Кога би се донела таа комисија за испитување на потеклото, од овде слушав доста пратеници и пратеници овде што се во овој Парламент, можеби денеска некои се изјаснија дека најмногу од оваа продажба би се враќале девизите на девизните штедачи. Јас тоа не дека не го верувам, туку гарантирам тоа нема да се случи.

Тоа сигурно. Еве јавно го велам и ќе го речам по месец, по два и по пет, истото дека тоа нема да се случи. Него овде како до сега што се вршеше грабеж, уште поголем грабеж ќе се врши. Но, ако се состави оваа комисија за испитуваше на потеклото на имотот, оние што досега по неколку претпријатија оформија, регистрираа, имаше такви од овде говорници, регистрираа едно претпријатие, вработија 20-30-40 души, за неколку месеци испушти ги на улица, пропаднија организацијата или претпријатието, па регистрирај друго. Се така и така и се збогатуваа на овој начин, односно во ова време. Значи, незаконито.

Затоа велам дека најлесниот и наједноставниот начин за враќање на девизите дури и за оживување на ова стопанство, ако се оформи една таква комисија за испитување на потеклото на имотот, а денеска богами со овој напредок на компјутеризацијата може да се испита. и колку залаци јадел пред 30 години, колку му биле потребни за тие залаци пари, колку плата земал тој и фамилијата, колку дозволена трговија или нетрговија, или арамилак вршел, сето тоа ако би се испитало, јас верувам ќе има богатство во оваа Република, а не само враќање на девизните штедачи.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, а листата на дискутанти е исцрпена, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (51 пратеник) .

Дали е некој против?(18 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласањето? (12 пратеници)

Констатирам дека за законот гласале 51 пратеник, против гласале 18 пратеници, а воздржани биле 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за продажба на деловните згради и деловни простории на Република Македонија.

Минуваме на **<u>точката 26</u>** - <u>Предлог на закон за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија.</u>

Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за градежништво и урбанизам Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандман на член 1 став 2, член 5 став 1 алинеја 7 , алинеја 8 и на став 2, член 10 став 1 за менување на алинеја 1, алинеја 2 и алинеја 8, на член 13 и за менување на член 15, како и на член 10 став 1, за додавање нови алинеи по алинејата 6 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Панчо Минов, Иван Иванов, Тодосие Паунов и Тиме Андонов, поднесоа амандмани на член 5 за бришење на став 2 и на член 10 став 1 за бришење на алинејата 6 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман за бришење на членот 18 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јордан Зафиров и Александар Гештаковски поднесоа амандмани на член 5 став 2 и на член 10 алинеја 6 по кои Владата ме се произнела.

Пратениците Томислав Стефковски, Стоиле Стојков и Јордан Бошков, поднесоа амандмани на член 13 за додавање нов став по кој Владата не се произнела.

Пратениците Иван Иванов и Тодосие Паунов поднесоа амандман на член 5 за бришење на став 2 и член 10 за бришење на алинејата 6 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 , поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот затоа што Републиката е ноторен факт кој не треба да се докажува. Република Македонија е факт кој не треба да се докажува.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали предлагачот и натаму останува на својот предлог?(останува).

Дали некој друг бара збор?(не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за амандманот, нека крене рака?(12 пратеници)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

За амандманот гласале 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 1 алинеја 7 и 9 и на став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифати амандманот затоа што организирање и изградба е еден ист процес кој се одвива и ако го избришеме "организира", тогаш само го осиромашуваме текстот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали предлагачот останува на својот амандман?

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (9)

За амандманот гласаа 9 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 1, алинеја 7 и 9 и на став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Панчо Минов, Иван Иванов, Тодооија Паунов и Тиме Андонов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот затоа што во амандманот на господинот Гештаковски и Јордан се разрешува проблемот и членот 10 став 2 станува како доверена работа во оперативна смисла на претпријатието кое ќе му го довери општината. Со ова се надминуваат сите проблеми кои настануваат во врска со уредувањето и употребата на градежно земјиште.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Панче Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Овде станува збор за амандман на група пратеници кои ги прочита претседавачот на седницата, а не за коинциденција на друг амандман, а се работи за следното:

Фактички со овој амандман што го предлагаме група пратеници се брише ставот 2 на членот 5 кој регулира дека јавното претпријатие ќе има, покрај горенаведените дејности, кои му следуваат по Законот по содржина, а тоа е за продажба и стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија и со една вештачки додадена надлежност - односно дејност, а тоа е дека јавното претпријатие ќе го уредува градежното земјиште на Република Македонија според програмата за уредување на градежно земјиште.

Ќе повторам, за мене4 е ова вештачки прилепена надлежност на јавното претпријатие, кога велам јавно претпријатие мислам на државата односно вршење подржавување и ставање капа на државата и врз оваа надлежност, а тоа е комуналното уредување кое ќе кажам дека согласно Уставот на Република Македонија и одредбите што се за локалната самоуправа и нејзините дејности извира и во духот е на Уставот и во духот на оние начелно кажани работи дека општината како локална

самоуправа има надлежности по другите локални прашања, јас не знам кое друго локално прашање би било освен ако не е тоа комуналното уредување. Тоа, и по својата природа и по својот карактер е локално прашање и до сега е вршено од страна на општините и нема никаква логика и никаква смисла да се врши централизација и подржавување на оваа функција која и до сега и: припаѓала и не може поинаку државата да и припаѓа освен на вршење на општините како локална самоуправа. Со тоа сакам да кажам дека оваа работа не е усогласена со Уставот.

Втора работа, ова не е усогласено со Законот. Постојниот закон за градежно земјиште во својот член 27 регулира дека начинот, формите и организирањето на комуналното уредување е надлежност и функција на општините. Исто така, во Предлог-законот за локална самоуправа има една нелогичност и противречност кај самиот предлагач, односно Владата. Се прифаќа комуналното уредување како надлежност на локалната самоуправа, а овде повторно останува односно се предлага тоа да го врши јавното претпријатие како државен орган.

Ќе ми должите едно објаснување да ви изнесам на пример што е тоа комунално уредување? Комуналното уредување кажано со поинакви зборови тоа е фактички комуналната изградба. Комунална изградба на комунална инфраструктура како што се улици, водоводи, канализации и слично. Ако таа работа ја централизира државата по вертикала и треба да ја врши јавно претпријатие како државен орган мислам дека друг коментар не е потребен.

Ако сега за мое Кавадарци на улица таа и таа ќе се гради водоводна!линија и тоа треба да го планира некој орган во Скопје како јавно претпријатие мислам дека таа работа нема никаква смисла и логика.

Второ, комуналното уредување покрај комуналната изградба која реков дека е во функција од локално значење, локално прашање и треба да го решава општината како локална самоуправа. Комуналното уредување подразбира и урбанизација на тој простор и други работи кои се во подготовка за урбанистичкото и комуналното уредување, а тоа се имотно - правни работи, тоа се геодетски работи и регулациони работи. Мислам дека сите овие функции на теренот на општините нормално е дека и заинтересираноста и ефикасноста најдобро е да ја врши општината односно орган или пак јавно претпријатие основано од самите општини.

Исто така, ќе кажам за потсетување дека Заедницата на општините едногласно предлагаше оваа дејност да се изземе од надлежностите на јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор. Не знам од кои причини настанува оглушување кај предлагачот и еден предлог со таква тежина како што се заедниците на сите општини од Република Македонија да не се прифати дека оваа надлежност треба да си остане како општинска функција.

На крајот сакам да кажам една нелогичност. Со ова фактички се укинува комуналното уредување како надлежност и функција на општината, а тоа е регулирано со друг закон. Овој закон гласи Закон за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија. Фактички еден хибрид од надвор се налепува на друг закон што правнички е неиздржано и нема смисла. Мислам дека не може со еден закон да се укинува одредба од друг закон и надлежност од друг закон. Тоа е недопустливо и правнички неиздржано, Нека повели предлагачот во специјален посебен закон нека предложи таква одредба да се укине тоа, тогаш тоа е една нормална постапка. Фактички сега со заков за стопанисување со станбен и деловен простор прво се регулира

уредувањето на градежното земјиште што не му е местото таму и второ, се укинува одредба од друг закон што исто така не е во ред. Во таа смисла мислам дека Владата како предлагач најмногу може да направи во случајот да го прифати амандманот на групата предлагачи.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Додека е уште свежо сеќавањето на настапот од претходниот говорник овој амандман е издржан и има квалитети во себе, ќе ја дели судбината на многу слични пристапи овде од пратениците. Ние, како политички одговорни лица едноставно прескокнуваме над секаков резон или препорака. Не само општината, поточно заедницата на општините и градовите што дава свои сугестии и начин како да се уреди прашањето од оние ко'и се со политичка моќ,а тоа е Парламентот и Владата, ќе биде повторно игнорирано. Тоа е едната страна.

Слично постапивме и со приодот или барањето на лекарската комора пред неколку ^недели. Така што за мене се поставува едно општо прашање на кој начин во нашата држава можат да се артикулираат интереси на поединечни групи. Ако веќе и Заедницата на општините има свој приод и сака тој приод да биде прифатен и од власта, а Владата нема слух за тоа, еве стравувам дека и Парламентот ќе нема слух оти амандманската расправа по наше искуство е. веќе нешто откако заминале возовите и лично сум хендикепиран на некој начин и кон она што е прифатливо и разбирливо да дадам целосна поддршка, бидејќи и јас сум дел од механизмите кои постојат тука така што основното прашање останува како ќе може една група да ги заштити своите интереси во нашето општество? Многу слабо. Законот каков што го нуди

Владата во суштина поаѓа од позиција на моќ, на недопирливост. И ние потоа ќе имаме амандмани каде ќе врбуваме за интересите на градот Скопје, но и за тоа јас однапред имам страхување како тоа може да помине.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, Законот кој е на дневен ред Закон за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија гласи само за тој дел за стопанисување со становите и стопанисување со деловниот простор додека во текстот на Законот во членот 5 став 2 стои стопанисување односно уредување на градежното земјиште кое е неизградено, а урбанизирано на градовите и селата. Мислам дека со овој закон се прави една неправда за сега спрема граѓаните затоа што иницијативата за изградба на деловни простори и станбени згради и куќи за домаќинство ќе се оспори,ќе затаи и нема да бидат на време изградени и граѓаните не ќе можат да се обезбедат со овие нивни потреби. Тоа е потреба на градот, потреба на селото. До сега водеа сметка општините за градежното неизградено земјиште мислам дека треба да остане во надлежност на општината се до донесување на Законот за локалната самоуправа. Со тој закон сигурно ќе се реши. Ова е уставна одредба од Уставот на Република Македонија каде општината е надлежна за овие работи. Ако се тргнат овие работи од општината, па зошто е таа локална самоуправа кои работи би ги вршела?

Овде во Законот што се предвидува стои дека ќе се грижи општината, но нема никакви права да може да ги спроведува. Одам уште понатаму што градежно неизградено земјиште, а урбанизирано и за

селото да биде надлежна месната заедница, па ако не биде убаво изградено селото на кого ќе служи? На селаните. Ако биде убаво изградено исто така ќе служи на селата односно на граѓаните од село.

Мислам дека овој амандман се однесува на тоа точката 2 од членот 5 на Законот да се брише привремено до донесуваше на Законот за локалната самоуправа и од членот 10 точка 1 алинеја 6, каде се создаваат приходите на ова претпријатие од уредување на градежно неизградено земјиште да се бришат. Мислам дека ќе имаме многу поубава урбана средина ако остане на решавање на општинските власти односно на локалната самуправа а доколку биде во надлежност на Републиката имаме два вида на средства прво, средства се добиваат со продажба на земјиштето. Може со Законот да се каже дека овие средства се приход на Републиката. Меѓутоа, средства што се плаќаат на име на комунално уредување при добивањето на плацот и уредување на градежниот плац тоа се исклучиво средства на граѓаните и граѓаните можат да ги здружат тие средства и да платат една градежна оператива да го урбанизира, да го изгради тоа земјиште и да им го предаде како урбанизирано а цената да ја платат. Сигурно ќе биде помала таа цена што ќе ја платат затоа што од досегашното искуство знаеме дека граѓаните уплатуваат за комуналии, меѓутоа, кога се градат тие комуналии се градат една до две години подоцна, па инфлацијата ќе ги изеде парите и ако треба да се изградат сто метри улица ќе се изградат 20 до 30 или 10 метри или зависно во кое време каква е инфлацијата така што тие средства не ги користиме наменски, не ги користиме на време, а не ја урбанизираме средината, а има платени луѓе за тоа, граѓаните плаќаа.1 за тие услуги, но страдаат заради тоа што не можат да си отидат дома, затоа што немаат пат, немаат вода, немаат струја,

телефони и други објекти. Тука не сме во право и се залагам, ако ми дозволите и би замолил Владата повторно да се преиспита за овие два члена за оваа работа за средствата и за уредување на градежното земјиште да остане и натаму на локалната самоуправа каква е таква е, а со законот ќе се реши.

Сакам и друго да потенцирам тие средства се добиваат и од друго. На пример изградена е една зграда односно куќа на еден спрат, а вториот спрат надградбата се плаќаат 50% комуналии. Овие комуналии се употребуваат....

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам тоа е во членот 10, сега сме на претходниот амандман, а кога ќе дојдеме на тој член на членот 10 ќе можете повторно да земете збор. Сега сконцентрирајте се само на овој амандман за кој веќе се произнесувате.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Добро, овие средства се употребуваат заради тоа што е изградено урбанизирано и се употребува за поправка на улиците водоводите и други комунални работи од тие средства. Ако овие средства не се присутни кој ќе ги извршува тие работи во градот? Градот и улиците ќе ни бидат со дупки, нема кој да ја поправа водоводната мрежа,телефоните и други инсталации кои им служат на граѓаните а тие се од заеднички интерес на граѓаните.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:** (продолжение)

Така што сметам целосно ако се размисли на овој проблем, мислам дека амандманот на член 5 став 2, член 10 став 1 алинеја 6 е оправдано и мислам дека Владата треба да го прифати амандманот во целост.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Сакам да истакнам дека овој амандман на член 5 став 2 и една група на вакви исти амандмани отвораат едно многу важно и битно прашање. Тоа е прашањето дали уредувањето на градежното земјиште како дел од комуналната сфера е во надлежност на единицата на локалната самоуправа, општината, или е во надлежност на Републиката. Основното решение во овој член 5 став 2, во член 10 и во завршните одредби стоеше на становиште дека уредувањето на градежното земјиште е во надлежност на Републиката. Амандманот кој се предлага поаѓа од становиште дека уредувањето на градежното земјиште е во надлежност на локалната самоуправа. Од каде произлегуваат овие дилеми? Овие дилеми произлегуваат.. пред се од Уставното решение за локалната самоуправа, поточно од член 115 кој вели: граѓаните во единиците на локалната самоуправа непосредно и преку претставници одлучуваат за прашања од локален интерес, а особено за сферата во комуналната сфера и продолжува. Вака не дефинираните и нечисти јасни уставни решенија е рефлектираат и на понатамошното решавање на ова прашање. Мое становиште, односно и становиште на предлагачите на амандманот со едно креативно толкување на уставното решение дава целосна можност дека прашањата од комуналната сфера како непосреден интерес на граѓаните во единиците на локалната самоуправа се непосредно и изворно право да одлучуваат тие граѓани. Поаѓајќи од ваквото толкување на овие уставни одредби тие се рефлектираат понатаму морам а кажам, иако е во подготовка законот за

локалната самоуправа и претставниците на Владата го прифатија, бидејќи е тука основното решение како тоа ќе се реши во законот за локална самоуправа кој е во предлог фаза и помина во собраниските комисии. Основното решение кое беше за законот за локална самоуправа во надлежност на единиците на локалната самоуправа беше дека е изземено уредувањето на градежното земјиште, односно во член 17 алинеја 3 гласеше: Општината го уредува користењето. По амандман на Комисијата за урбанизам претставникот на Владата и од ЗПК претставникот на Владата го прифати ова толкување, морам да кажам како извор на надлежност уредувањето на градежното земјиште да е од локален интерес и во овој предлог на закон, односно Предлог на закон кој е во процедура сега гласи: Единиците на локалната самоуправа, односно општината го организира уредувањето и користењето на градежното земјиште. Поаѓајќи од ваквото толкување и становиште на Владата најлогично и најприфатливо е и во овој закон за стопанисување да остане основното решение дека единиците на локалната самоуправа го уредуваат градежното земјиште. И за мене мислам дека со истапувањето на претставникот на Владата оваа дилема е целосно решена кога кажа дека го прифаќа амандманот од Јордан Зафиров и од мене како пратеник. Во овој случај за да бидеме целосно на ова ново решение потребно е претставникот на Владата да се изјасни и по амандманот на пратеникот Панчо Минов во завршните одредби кои целосно се согласувам со неговото толкување со еден закон се укинуваат одредби од друг закон член 27 од градежното земјиште да биде избришан и изворна надлежност и во тој закон. Многу ми е жал, иако пратеникот Минов добро беше запознат и со нашиот амандман не го коментираше ниту малку е осврнувајќи се на решени ј ата,: кои барем по наше мислење на Зафиров и мене го надградуваат уредувањето на градежното земјиште. Амандманот кој е предложен на член 5 став 2 поаѓа од становиште дека уредувањето на градежното земјиште е извор

на надлежност на единиците на локалната самоуправа, но во надлежностите на јавното претпријатие му се остава можност и да уредува градежно земјиште до колку единицата на локалната самоуправа со свој акт, односно Собранието, или Советот му го пренесе тоа право. Што значи тоа? Мораме да бидеме свесни и на одредени принципи на економичност, на рационалност и слично. Тоа значи дека во една општина правото да го организира и уредува градежното земјиште е на општината. Во таа општина и во градот Скопје ќе има и подрачна единица на јавните претпријатија. До колку општината оцени дека уредувањето на градежното земјиште врз основа на овие принципи економичност, ефикасност и рационалност како јавно овластуваше органите на локалната самоуправа ќе му го пренесат на подрачната единица бидејќи и сегашната пракса со трансформација на СИЗ-овите за станување преминуваат во подрачни единици и мораме да водиме сметка за нивната екипираност и за тие луѓе, а додека мал е бројот каде уредувањето на градежното земјиште во одредени општини е формирано како фонд и во надлежност. Значи имаме различни решенија во Републиката, но во основа уредувањето е во СИЗ-овите за становање како посебни форми каде што имаше одделенија, или отсеци за уредување на градежното земјиште. Мислам дека и по натамошните амандмани и Панчо Минов и Тодосие Паунов ова решение од принципите од рационалност, економичност ја решава основната дилема која овде е покрената и од уставен аспект и уредувањето на градежното земјиште е во надлежност на единиците на локалната самоуправа.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Точно е тоа, имавме одредена информираност по однос на амандманите за овој член со колегата Гештаковски, но ние овде сега расправаме со амандман на Панчо Минов, Тодосија Паунов, на Тиме Андонов, не расправаме по амандман на Гештаковски и Зафиров.

Плус тоа и самиот кажа дека ако не се укинат последните одредби од членот 18 каде што вели да се бришат член 27 од градежното земјиште, сета оваа модификација во формулациите од нивниот амандман е непотребна. И за коинциденција да кажам дека во наредниот член стои дека овие јавни претпријатија покрај овие работи наведени во член 5 можат да вршат и други работи од стопанисување на станбен и деловен простор и други работи што со договор ќе им ги поверат субјектите на пазарот. Јас сакам да се задржам само на тоа дека сега расправаме по еден амандман и изјаснувањето по тој амандман не значи дека кога ќе се расправа по амандманот на Гештаковски истиот во една корелација со исходот од овој амандман ќе се има во предвид при гласањето и одлучувањето.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас цело време зборував за амандманот на член 5 став 2 претставуван овде од Панчо Минов, но не можам да прифатам теза ниеден пратеник, ниту јас еден амандман да го гледаат како посебно од една целина на еден закон и на амандманите кои следуваат секој пратеник мислам дека треба да го гледа законот и сите амандмани бидејќи немаат предимство, право на појакиот. Мора да се гледаат, јас така го гледам и така зборувам. Амандман сам по себе не значи ништо во корелација со другите. Инаку моето изјаснување е од тие причини кои ги изнесов пропуштив да кажам затоа не го прифаќам овој амандман, иако во основа е целосно исправен.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Изгледа исто зборуваме, а не се разбираме. Ако се гледа во целина како што кажува господинот Гештаковски тогаш мораше во нивниот амандман да се содржи и амандманот на членот 18 од Законот каде што е укинување на член 27 од градежно земјиште, односно тоа ако го прифаќа вашиот амандман Владата,•мораше и тоа да го прифати па

тогаш ајде да гледаме во целина, а не да гледаме во целина, а да не гледаме се во целина.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Основната цел на законот е организационен закон и нема намера да ги разреши односите кои треба да ги разреши законот за градежно земјиште и да го дефинира уредувањето и употребата на градежно земјиште. Не е точна теоријата дека со еден закон не може да се укине друг закон. Тоа е познато во правото. И ние денеска со законот што го правиме го укинуваме законот за СИЗ-овите. Тоа значи дека има правен основ, или новиот закон го укинува стариот закон Заради целисходност во гледањето за да се постигне таа цел дека уредувањето на градежното земјиште ќе му припадне на општината не е цел на овој закон на членот 5 и став 2 да му го одземе тоа право на општината да го уредува, туку да ја збогати дејноста само на претпријатието во оперативна смисла да може да работи. За да ја надминеме таа состојба ние ќе го прифатиме амандманот III на Панчо Минов каде стои во членот 18 за укинување на членот 27 од Законот за градежно земјиште. Нека си остане членот 27 за градежно земјиште и кога ќе ги прифатиме двата амандмани на Гештаковски и на Јордан Зафиров тогаш во целост се постигнува целта уредувањето на градежното земјиште му припаѓа на општината согласно на законот за градежно земјиште, а во оперативна смисла како дејност на работа ако му го довери општинското Собрание на јавното претпријатие да се занимава со таа работа, нека се занимава во таа економска цел која треба да ја постигне. Сакам да кажам дека со прифаќањето на двата амандмана од Гештаковски и со прифаќањето на трети;т амандман од Панче Минов* се постигнува целта. А не ги прифаќаме двата први амандмани затоа што ја намалуваат дејноста на претпријатието што во иднина пак повторно треба да бара согласност од Собранието да му

ја довери таа надлежност како дејност да може да ја обавува тоа претпријатие. Оттука сметам дека овој конфликт е надминат.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, како предлагач, еден од предлагачите на овој амандман јас би сакал да го искажам моето мислење пред Собранието да се произнесе по тој амандман, иако меѓувремено претставникот на Владата се обиде некои работи да ги дообјасни во смисол на непотребноста на прифаќањето на овој амандман. Јас најпрво сакам да укажам дека во целина дека по овој закон кога водевме расправа во претходната фаза беа искажани сериозни забелешки на кои Владата, моја лична оценка е дека не посвети доволно внимание, а еве и во делот сега на амандманската расправа на некој начин Владата се обидува пак работите да ги сведе на минимизирање на работите од аспектот на тежината на решенијата кои што се предлагаат и во целина тие се сведуваат се кобајаги на едно организационо разрешување на дел од прашањата кои што ќе треба да бидат во надлежност на ова Републичко јавно претпријатие. Меѓутоа, според моите сознанија работите стојат сосема со една друга тежина од аспектот што со овој закон практично се менуваат значително квалитативни работи во овој дел , посебно што веќе со овој закон се врши една голема концентрација на правата за управувањето, донесувањето на одлуките во смисла на областа и дејствијата кои што се содржани во овој закон од аспект како на идни надлежности односно надлежности на идното претпријатие. Тоа значи целокупната оваа област се концентрира во едно таканаречено државно претпријатие, а граѓаните, односно општината која што има најголем удел како во досегашното остварување на оној капитал кој што е остварен така и во делот на потребите да биде препуштено на едно централизирало претпријатие кое што далеку ќе живее од фактичките проблеми. Од

друга страна образложенијата кои што се даваат на рационалноста и сл. мислам дека не држат место од аспектот на тоа што и понатаму викаме дел од службите, дали тоа поранешните СИЗ-ови и понатаму ќе останат како терет во општините, односно на ова јавно претпријатие. Така дефакто ние не вршиме и некое квалитетно подобрување. Од друга страна коментарот дека со прифаќањето на амандманот на двајцата пратеници Зафиров дека на некој начин се разрешува ова прашање, мислам дека тоа не е така според моите согледувања, бидејќи ова прашање не е од една формална, или организациона природа, туку се работи и од една материјална природа, а елементот на материјалната природа кој ќе ги донесува одлуките, или делегирање генерално на едно право да ова претпријатие може да одлучува, мислам дека не држат место. Од тие причини лично мислам дека прифаќањето на амандманот апсолутно држи место и со него на некој начин веќе квалитетно се регулира прашањето на правото на локалната самоуправа да одлучува и да донесува одлука за уредувањето и начинот на уредувањето на градежното земјиште на подрачјето на општината. До колку дотичната општина е мала, нема материјална можност, нема кадри, апсолутно тоа и е дадено како право да може таа да побара помош или да ангажира трета институција која што овие работи треба да ги регулира. Во конкретниот случај мислам на регулирање на ангажирањето на ова јавно претпријатие. Од тие причини лично мислам дека амандманот е издржан и јас замолувам Собранието, односно пратениците да го поддржат овој амандман.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, јас ќе кажам едно разочарување што министерот отстапи од првенствената негова цел кога беше објаснувањето на законот на седницата на Комисијата за градежништво и урбанизам каде што грчевито се бореше дека уредувањето на

градежното земјиште треба да остане т.е. да дојде во ново јавно претпријатие. Не знам од каде е сега ова да министерот ја напушти тотално својата концепција и ни нуди едно ново решение. Во однос на амандманот на групата пратеници меѓу кои што е и г-дин Панчо Минов, јас сакам да кажам едно, јас мислам дека за џабе се расправа по тој амандман бидејќи тој амандман веќе преку амандманот на Гештаковски е усвоен заради тоа што ако тој амандман значи дека локалната самоуправа му отстапува право на тоа јавно претпријатие, значи овој амандман е усвоен. Сега не знам која е дилемата мислам кај министерот и кај господинот Панче Минов дали е тоа битно кој ќе го предложи амандманот и кој ќе го усвои, бидејќи имавме таков еден сличен амандман пред малку од господинот Ефтим Манев со истиот текст Владата го даде како свој амандман. Ако е тоа во прашаше, тогаш Владата собира свои лични поени, а ако е нешто друго во прашање министерот нека го објасни.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:** (продолжение)

Исто така сакам да кажам уште едно, зошто не се прифати тој амандман од господинот Гештаковски, ако веќе вие го менувате вашиот концепт, туку овој другиот заради тоа што во член 6 се вели дека јавното претпријатие може да врши одделни работна стопанисување со станбениот и деловниот простор и други работи што со договор ќе му бидат доверени од други заинтересирани субјекти на пазарот, што значи дека автоматски можеше и локалната самоуправа тука да му го отстапи тоа.

Јас сакам министерот јавно да се изјасни дека уредувањето на градежното земјиште се согласува кој да остане во општините. Мислам дека тоа е одговорот на ова прашање. Исто така ќе настане еден друг проблем со тоа што во член , да не зборувам дека со усвојувањето на овој амандман треба ние да ја вратиме расправата назад на комисиите заради тоа што апсолутно концепциски веќе се менува она што вие ни го предложивте. Во членот 18 ако се избрише дека се поништува членот 27 од Законот, а се вели дека во рок од три месеци ќе се донесе т.е. ќе се оформи ова јавно претпријатие, што за три месеци во секоја општина може да се оформи такво јавно претпријатие кое што после ќе влезе во ова јавно претпријатие кое што се презема со член 13 или член 15, т.е. член 16, зашто во член 16 вели :"работниците на стручните служби во самоуправните интересни заедници и другите основани субјекти ;за уредување на градежно земјиште и уредуваше на станбен и деловен простор? а тука влегуваат и тие што веќе во некои општини се оформени јавни претпријатија по член 27 од Законот за градежно земјиште. Јас го молам министерот да ми ги објасни тие работи.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас уште на почетокот реков дека овој е организационен закон, не е материјален закон. Во членот 21, поточно во

членот 39 од Законот за градежно земјиште каде кажува уредувањето на градежното земјиште се врши врз основа на програма. Програмата од став 1 на овој член ја поднесува Собранието на општината. Тоа значи дека Законот за уредувањето му го дал на општинското собрание. Ние кога го употребуваме во членот 5 ние мислиме пооперативно уредување на градежното земјиште да копа улици, да прави линии за практично спроведување, а никако не му го земаме правото општинското собрание да донесува програми преку кои програми тој сам ќе одлучи која улица и на каков начин ќе ја уреди. Тука настанува друг проблем кога ќе се прави Законот за градежно земјиште. Затоа што во програмата за уредување на градежно земјиште не се правеше само уредувањето, туку се донесуваше одлука за висината на употреба на градежното земјиште. Употребата на градежното земјиште сега согласно на член 38 алинеја 3 од Уставот е јавна давачка која треба да ја утврди Собранието на Република Македонија и во членот 33 секој кој треба да плаќа јавна давачка. Тоа значи дека употребата на градежното земјиште и чист фискал кој треба да го плаќа секој граѓанин кој го користи тоа земјиште. А сега во Република Македонија со програмите различно беше уредено тоа прашање. Секоја општина различно го уредуваше. А бидејќи општината согласно на уставните амандмани ја изгуби функцијата како општествено - политичка заедница да може да решава и такви прашања кои се уредени како данок, фискал на државата, тоа право му припадна на Собранието. Сега оттука не може да биде иста таа програма што ја донесуваше Собранието. Со програмата да одлучува за уредувањето и да одлучува за употребата на градежното земјиште Тие два појма треба да се разграничат, Никако не отстапуваме од концептот затоа што ние и тогаш мислевме пооперативна смисла јавното претпријатие да ги обавува тие работи. Ако оставањето на членот 27 што го оставаме сега на општината и даваме таа да си го уреди начинот како и како правен субјект во правниот промет и таа може да организира јавно претпријатие

за обавување на таа работа. Ние сега по овој закон не можеме ниту со овој закон да го забраниме, ниту со Уставот на РМ, затоа што локалната самоуправа, општинското собрание има правен субјективитет и тој правен субјективитет со ништо не може да му се одземе. Ја прифаќам дискусијата на Гештаковски кога вели дека секоја општина не е способна да си формира јавно претпријатие, како што е Демир Хисар, Валандово, да не набројувам, туку подрачните единици на тоа јавно претпријатие директно ќе се во функција за да ја обавува таа работа. А дали општинското собрание ќе ја довери таа работа и на таа подрачна единица тоа е работа на одлука на општинското собрание кое ќе ја донесе. Оттука сметам дека нема никаква забуна, никаква пречка во врска со разрешувањето на тој проблем за уредување на градежното земјиште. Уредувањето му останува на локалната самоуправа со донесувањето на програма таа да си реши како и на кој начин ќе ја уредува.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Апсолутна контрадикторност кај министерот, за тоа што тоа што го образложи воопшто не се поклопува со тоа што го прифати амандманот на господинот Гештаковски. Само едно објаснување дали тоа значи дека има некорелација со законот за локалната самоуправа како што госпоѓата Гордана Сиљановска максимално се залагаше за уредувањето на градежното земјиште, а сега со овој закон ние даваме ни топло ни ладно да биде. Може да се основа и јавно претпријатија по член 27 од Законот за градежно земјиште, може да функционира и јавното претпријатија , ова што ќе се обрни во Собранието, значи ли тоа дека ќе зависи лично од желбата на претседателот на општината, на одлуката што ќе ја донесе општината. Дали тоа значи дека нема да важи членот 16 од Законот, ова што ни се предлага сега. Треба Владата да си предложи амандман на измена тогаш на членот 16. Во членот 16 се преземаат тие

јавни претпријатија што досега биле оформени а сега повторно дозволуваме оформување.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Очигледно паѓаме во конфузија затоа што самоуправните интересни заедници, заедно со општините беа основачи на јавни претпријатија. Сега со укинувањето на самоуправните интересни заедници неминовно се отвара проблемот за преземање на тие делови од тие јавни претпријатија од тоа јавно претпријатие затоа што тој е основач има свои права и обврски како основач на тоа јавно претпријатија и оттука нема никаква колизија со членот 16 кој госпоѓата го спомнува. А членот 27 поточно градежното земјиште ќе ви го прочитам: "општината го определува начинот на организирањето и вршењето на работите на уредување и употреба на градежно земјиште, јавно претпријатие и орган." Сега веќе општината како локална самоуправа таа не може да основа органи само може да направи некој фонд да регистрира, а дали тоа ќе биде целисходно за општината, таа сама ќе си одлучи. А што се однесува до јавните претпријатија затоа ние предлагаме да има делбен биланс затоа што некаде општината и СИЗ-от се основачи на тоа јавно претпријатие и ние мораме да направиме делбен биланс на тоа претпријатие. Делот што му припаѓа на самоуправната интересна заедница, делот на општината во тоа јавно претпријатие.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Ова ќе излезе еден вид пратенички прашања, па дискусија со министерот, но јас морам ова да го кажам заради тоа што ние кога зборувавме за јавни претпријатија на Комисијата се зборувале за јавни претпријатија не што ги оформиле СИЗ-овите, туку што ги оформиле општините, врз основа на член 27 од членот за уредување на градежно земјиште и министерот пред сите 9 члена на Комисијата и надворешниот член кажа дека тие јавни претпријатија оформени по овој член од

Законот ќе влезат во ова јавно претпријатие. Не се работи за јавни претпријатија оформени од СИЗ-овите, туку оформени по член 27 од Законот за уредување на градежно земјиште.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам доста комплементарно и за други амандмани се говореше. Инсистирам да се зборува исклучиво само за овој амандман инаку во недоглед ќе отиде дискусијата.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, еден закон што беше од подобрите и што мислев да гласам за него, сега по оваа козметика што се направи од страна на министерот, господинот Туше Гошев, по амандманот на Гештаковски, нема да гласам, од следните причини: постои закон за градежно земјиште по тој закон програмата ја прави Собранието на општината. Многу е јасно нека се земе тој закон за градежно земјиште ќе се види дека програмата ја прави Собранието на општината. Но сега доаѓа друго за јавните претпријатија овој закон важи за јавните претпријатија. Тие го уредуваат градежното земјиште во Републиката. А зошто го уредуваат тие. Знаеме тоа јавно претпријатие има републички карактер. Вие драги пратеници што ги дадовте овие амандмани сте против стабилизационата програма нема кај вас никаква рационализација. Зошто е тоа јавно претпријатие и има републички карактер. Затоа што во Скопје треба да се концентрира капитал, луѓе, стручњаци, механизација и многу други, работи. Ако сега основаме јавни претпријатија како што вели локалната самоуправа, а тој закон уште не сме го донеле, многу се повикувате на него што ќе стане? Секој град ќе има огромна механизација и таа механизација ќе спие. А вака кога е концентрираа механизацијата на едно место, со стручен кадар, тогаш каде што има потреба таму ќе оди. Тоа е рационализација, тоа е стабилизациона програма и не дозволувате опозицијата да ве исправа во таа стабилизациона програма.

Дали ќе ви успее. Тоа ве прашувам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе потсетам дека предмет на расправа е амандманот на член 5 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Панчо Минов, Иван Иванов, Тодосија Паунов и Тиме Андонов. Молам исклучиво за овој амандман да се сконцентрираме.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани потпретседателе, почитувани пратеници, после поширокото искажуваше од страна на министерот мислам дека како пратеници мораме да го имаме предвид следното. Тоа значи сите надлежности во деловите на управувањето, стопанисувањето во градежниот простор, деловниот простор, вклучувајќи го уредувањето на земјиштето поминуваат во надлежност на ова претпријатија кое што треба да биде основано на ниво на Република. Тоа значи концентрација на располагање и одлучувањето во овој дел на дејностите преоѓа во ова јавно претпријатие. Дури и членот 10 на кој имаме поднесено додатен амандман јасно кажува дека овие средства поминуваат во сопственост на ова јавно претпријатија. Од тие причини оваа работа не е така наивна, мислам дека господинот министер овде се обидува овде да не убеди дека се работи за организациони промени, се работи за давање на права на јавното претпријатие што дел од пратениците доаѓаме до заблуда. Мораме да имаме предвид ако не го прифатиме овој амандман ако го прифатиме решението сочмалата модификација која што е извршена тоа значи сите овие надлежности на општината преминуваат и општината ги губи, а тоа е една суштинска промена. Тоа значи и средствата и одлучувањето л ангажирањето и решавањето на сите прашања од оваа работа утре на административен начин ќе треба некој друг да ги решава.

Колку тоа значи рационалност, видете што значи делегирање на право од страна на општината на ова идно претпријатие. За мене како стопанственик кој знае што значи одлука, кој знае што е концентрација на власт што значи располагање на средства значи голема квалитетна разлика кое е неповолно за општината. Тоа нема кој што може да го негира, тоа треба да се има предвид при гласањето и произнесувањето по овој амандман. Од тие причини јас како предлагач на овој амандман останувам на овој амандман, независно другите пратеници дали ќе го повлечат сакам Собранието да се произнесе по овој амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека имаме право во целината на расправата како пратеници во целината на расправата за сите овие амандмани, пред се оние кои се однесуваат на ставот 2 од член 5 во расправата по амандманот на групата пратеници, меѓу кои Панчо Минов, Иван Иванов да кажеме нешто и за амандманот кој што следи по истиот став 2 на членот 5, заради тоа што ако министерот го прифати едноставно не ќе имаме можност да го кажеме своето мислење. Од тие причини сметам дека министерот во своето излагање, ако се држи на последното излагање е контрадикторен со самиот себе си и ако остане на тоа негово излагање нема основа воопшто да го прифати амандманот од пратениците Гештаковски и Јордан Зафиров. Или прашањето ќе биде прифатено во смисла на предлагачот Панчо Минов, или тоа право ќе остане во надлежност на ова јавно претпријатие кое се основа. Во инаква смисла воопшто се губи и целисходноста о« основање на јавното претпријатие, односно целината концептуално замислена за работата на ова претпријатие паѓа во вода. И не знам од кои причини. Од ова што го кажа и министерот произлегува дека уредувањето на градежното земјиште е право на општините според одредбите од Уставот главата за локалната самоуправа меѓутоа, тоа прашање за уредување на градежното земјиште произлегува уредување на градежното земјиште,

произлегува право само Собранието на општината или органот на општината да донесува програма за уредување на градежното земјиште ништо друго во поглед на оперативата, за операционализирање на таа програма. Според изворниот текст на Предлогот на законот произлегува дека таа оперативна работа, операционализирање на тие програми што ќе ги носат надлежните органи собранијата и советите на општините ќе остане во надлежност на ова претпријатие . Собранијата на општините досега како општествено - политички заедници беше кажано дека носеа освен програми за уредување на градежното земјиште ја утврдуваа и висината на трошоците за уредување на тоа градежно земјиште. Ако со текстот на Уставот таа висина на тие средства се третира како јавна давачка а јавните давачки се утврдуваат со закон тоа право е одземено од досегашната функција на општината како општествено - политичка заедница, се поставува прашање дали воопшто општините ќе имаат право да основаат јавни претпријатија кои ќе ги операционализираат нивните програми за уредување на градежното земјиште што за таа општина ќе ги носат собранијата. Затоа сметам дека и во членот 13 е сосема децидно кажано до отпочнувањето на работа на јавното претпријатие работите во врска со стопанисувањето и одржувањето на станбениот деловниот простор на РМ ќе ги извршуваат самоуправните интересни заедници за становање основаните јавни и општествени претпријатија и други форми според прописите што важеле до влегување во сила на овој закон. Со овој член 13 дефакто се што е под форма на било каков субјект општествено јавно претпријатие самоуправни интересни заедници кои досега се грижеле за стопанисување, одржување на станбениот простор, па и уредување на градежното земјиште ќе преминат во единственото јавно претпријатие што се предлага. Затоа сметам дека воопшто нема никаква основа прифати

наредниот амандман или ќе си останеме доследни на концептот што е замислен со Предлогот на законот, уредувањето на градежното земјиште во смисла на операционализација, неодземајќи го правото собранијата да носат само програми за утврдување на тоа градежно земјиште, или ќе остане во она јавно претпријатие или воопшто ако не остане нема смисла и да се основа јавното претпријатие во форма како што е дадено во предлогот на законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Предлагам пауза до 15,15 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,55 часот.)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Бидејќи различни мислења се изнесоа по Амандманот од член 5 став 2 би го замолил министерот за правосудство што е претставник на Владата уште еднаш да објасни кои амандмани Владата ги прифаќа, а кои не, а се однесуваат на исти прашања кои што се регулираат со овој закон за да би можеле пратениците да имаат јасна претстава при сопственото определување.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата прво ги прифаќа третиот амандман поднесен од пратеникот Панче Минов ги прифаќа двата амандмана поднесени од г-динот Јордан Зафивовски и Александар Гештаковски:

Не ги прифаќаа амандманите I и II затоа што ако ги прифатиме тие два амандмани тогаш ќе го избришеме членот 5 став 2 каде му дава во дејност на работа на претпријатиeто да се занимава и со уредување на градежноземјиште.

Додека ако ги прифатиме овие два амандмани тогаш нема потреба од тие два амандмани кои ги нудат г-динот Гештаковски и Јордан Зафировски. Па, оттука предлагам двата амандмани на Панчо Минов не биде прифатени, да биде прифатен амандманот III и бидат прифатени двата амандмани од Александар Гештаковски и Јордан Зафировски со кои го збогатуваме текстот и му даваме во дејност на претпријатието да може да се занимава и со уредување на градежното земјиште затоа што ако не стои тоа како во дејност на претпријатието може во праксата на примева на Законот да се случи дека тоа јавно претпријатие не е во надлежност да обавува таква работа. А, со тоа во суштина ќе го осиро-

машиме текстот на Законот. Па, предлагам да се разреши тој спорен однос во таа насока.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Значи, да резимираме. Бидејќи сега претставникот на владата званично кажа дека Владата ги прифаќа двата амандмана од пратениците Гештаковски и Зафиров и третиот амандман на Панчо Минов, поставувам прашање бидејќи е тоа званична изјава на Владата дека тие се прифаќаат и дека се составен дел на Законот, прашувам дали предлагачите на амандманот на член 5 став 2 останувaат и своите амандмани, бидејќи од образложението што го даде претставникот нивното мислење е дека со тоа всушност се изразува суштината и на овој амандман. (пратениците од место велат дека останувaат) Останувате.

Има збор пратеникот Теодосие Паунов:

**ТЕОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, не го најдов образложението и објаснувањето на прашањето зашто да се одземат, а ваквото решение кое било доверено на општинските собранија порано односно локалната самоуправа, немам доволно сознание, аргументи, немам доволно аргументи дека оваа иницијатива, оваа работа дека ќе се одвива нешто подобро отколку што било. Секако дека ќе бидеа полошо отколку што било.

Поради тоа градиме, правиме да ја подобриме состојбата, а ние со ова ја влошуваме состојбата. Ќе дојде време кога сите овие граѓани, кои преговараат, кои се жалат, ќе дојдат во Републиката за решавање на нивните прашања. Општината кога не може да ги реши кога е таа блиску до граѓаните, Републиката едно претпријатие ако створи ќе реши. Мислам дека сме неправични и пстамива, до крај на амандманот и засега

во овој период до донесвуање на Законот за локалната управа да остане статус кво како што е досега решавано да продолжиме.

Не може да се инвестира, не може да се урбанизира, не можат да се решат проблемите на граѓаните. Проблемите на граѓаните се во прв степен прво вработувањето, второ е станбеното прашање и комуналните решенија. Така да и овие објекти кои ги имаме заеднички изградено улици, паркови и друго и тие на некој начин ќе бидат запоставени, затоа што ќе нема да се одржуваат. Некој пак ќе рече, дека овие средства не се наменети за тоа. Меѓутоа јас кажав за надградба, доградба каде што се изградени и комуналните работи се одржува постојната инфраструктура во градот и во селата. Исто така поради тоа дека ваквите решенија односно овластувања треба да се дадат на месни заедници да уредување на станбениот и другиот простор на граѓаните кои живеат на село. И, никакво оправдување немам затоа што на некој начин го оттргнуваме едно веќе дадено право на општината.

Реков дека тоа може да биде еден краток период ако Владата убрза Законот да го предложи и го стави на дневен ред за решавање на .локалната самоуправа и ако тој Закон се реши, сигурно можеби ќе се подобри и состојбата.

Останувам при амандманот и нема да можам да гласам за Законот ако вака остане и покрај сите објаснувања од министерот и до другите заради тоа што имам и јас некоја обврска од граѓаните и до бирачите дека ваквото решение не води на подобрување на состојбите и комуналната изградба и во општините.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Се плашам дека повторно пак ќе ја вратиме дискусијата на почеток. Само доколку можам да толкувам она што веќе претставникот на Владата го кажа. Исклучува разлика меѓу едни и други амандмани и што едниот е исклучиво надлежност на општината во локалната самоуправа, надлежноста по оваа сфера, а од другите амандмани тоа е дискреционо право на општината, на локалната самоуправа да може дел од таа надлежност да се даде на јавното претпријатие, а понатаму локалната самоуправа нема да пренесе право. Тоа е еден рационален пристап и мислам дека доволно се јасни работите за да се определиме.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање, амандманот поднесен од пратениците Панче Минов, Теодосија Паунов, Иван Иванов и Симон Андонов.

Кој е за, молам да крене рака?

За амандманот гласаа 30 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Панчо Минов, Теодосија Паунов и Симон Андонов .

**ТЕОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Се сомневам во гласовите и барам да се гласа поединечно. Барам 10 пратеници кои ме поддржуваат.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - воздржан |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | - за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | - не е тука |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | - не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | - за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - воздржан |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | - против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | - против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | - за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | - не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | - не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - воздржан |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | - не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | - не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | - воздржан |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | - воздржан |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - воздржан |
| 28. ПЕТАР ОРГИЕВ | - против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | - за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - не е тука |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | - за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - воздржан |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | - против |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - воздржан |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | - воздржан |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | - не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - не е тука |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - воздржан |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | - за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | - воздржан |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - против |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - воздржан |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - против |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | - за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | - не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | - против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | - не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | - за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - воздржан |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | - за |

66. НАИФ МУСТАФА - против
67. ПАНЧЕ НАСЕВ - не е тука
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - воздржан
69. СИМОН НАУМОВСКИ - воздржан
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - не е тука
71. ЈОВАН НИКОЛОВ - не е тука
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ - воздржан
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ - не е тука
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ - за
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ - не е тука
76. ТОДОР ПЕТРОВ - воздржан
77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - не е тука
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - за
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е тука
80. КИРО ПОПОВСКИ - воздржан
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - против
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ - против
83. ШАБАН ПРЕВАЛА - за
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ - против
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ - не е тука
86. ИВАН РАМБАБОВ - воздржан
87. ШУКРИ РАХИМИ - за
88. ФЕРИД САДИКУ - за
89. НЕИМ СЕЛМАНИ - за
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ - воздржан
91. АЦО СПИРОВСКИ - не е тука
92. РИСТО СТАМЕНОВ - не е тука
93. РИСТО СТАНКОВСКИ - не е тука
94. ТОМИСЛАВ СТКФКОВСКИ - не е тука
95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА - не е тука
96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌИ - против
97. НИКОЛА СТОЈАКОВСКИ - против
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - не е тука
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ - - за
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - за
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - за

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - против
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - против
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ - против
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ - против
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ - не е тука
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - не е тука
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за
109. АГИМ ФАЗЛИУ - за
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - воздржан
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ - не е тука
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - не е тука
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - за
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - против
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - за
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - не е тука
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - не е тука
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - не е тука
120. ХИСНИ ШАЌИРИ - за

**КИРО ПОПОВСКИ:**

За амандманите на пратениците: Панче Минов, Иван Иванов Теодосија Паунов и Тиме Андовнов на член 5 за бришење на став 2 гласале 29 пратеници, 23 биле против и 23 воздржани. Вкупно 75 пратеника присуствувале во гласањето.

Констатирам дека амандманот што е ставен на член 5 став 2 поднесен од пратениците: Зафиров и Александар Гештаковски •од страна на Владата е прифатен и станува составен дел.. Според тоа, нема потреба да вршиме претрес.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 1 за менување на алинеја 1, на алинеја 2 и алинеја 8, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа ставот 1, само го прифаќа ставот 2 и третиот став не го прифаќа. Значи, само ставот втори каде стои во алинеја 2 по зборот "Македонија", се става "точка", а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Значи, од предложениот амандман остануваат, амандманот останува, член 10, став 1 за менување на алинеја 1 и менување на алинејата 8.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (2 пратеници)

Значи, двајца пратеници гласаа за овој амандман.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 1 за бришење на алинејата 6, поднесен од пратениците Панчо Минов, Иван Иванов, Тодосија Паунов и Тиме Андонов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Сега не го прифаќа Владата, затоа што Собранието веќе се произнесе.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Пет пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 10, алинеја 6 поднесен од пратениците Јордан Зафировски и Александар Гештаковски.

Владата веќе даде изјава дека го прифаќа овој амандман, па според тоа нема потреба да водиме расправа.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 6, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претрес<Л и предлогот на амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по аманшманот на член 10, став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не го прифаќа амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го ставам на гласање амандманот.

Кој е за, молам, да крене рака.

Бидејќи само еден пратеник се определи, констатирам дека Собранието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

Бидејќи само еден пратеник се произнесе, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Стоиле Стојков и Јордан Бошков

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го ставам на гласање амандманот.

Кој е за молам, да крене рака.

За амандманот гласаа 16 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот н член 13 поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Стоиле Стојков и Јордан Бошков.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став поднесен од пратениците Томислав Стефковски, Стоиле Стојков"*и Јордан Бошков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОЃЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Пратеникот  Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, со предложениот закон покрај станбениот и деловниот простор на кој право на управување има РМ и општините, односно сега како поединечни на локална самоуправа, сега со овој закон тој постанува државна сопственост, во јавното претпријатие. Што е цел на формирање со овој закон. Што е целта на нашиот амандман? Ќе го прочитам и да го образложам.

Во членот 13 се додава нов став кој гласи:

"Јавните претпријатија за стопанисување и одржување на станбениот и деловниот простор на општините, се мисли на општините во цела РМ, и градот Скопје, основани со одлука на општините и градот Скопје не подлежат на одредбите на овој закон".Зошто е поднесен еден ваков амандман од наша страна?

Ова пред малку што како уводен дел го цитирав на некој начин, тоа е од образложението што го дава Владата односно како предлагач на овој закон каде што цели дека покрај станбениот и деловниот простор, кој на право на управување досега имала Републиката и општините, сега постанува државна сопственост. Се поставува прашањето дали со вакво преземање на надлежностите органите имотот што локалната самоуправа го има, затоа што не спори никаде во Уставот дека единиците на локалната самоуправа не можат да имаат сопственост односно и во законот кој не е донесен за локалната самоуправа исто така се предвидува дека општините и градот Скопје можат да бидат сопственици на одреден имот со една ваква одредба се доведува 10 крајно обезличување на општините и градот Скопје без никаква уставна основа, бидејќи Уставот на РМ, со ниту една одредба како што кажав не забранува единиците на локалната самоуправа да имаат имот, да управуваат и да располагаат со него. На тоа му погодува недозволиво

начелно и нејасно уставно поставениот концепт на системот на локалната самоуправа кој се уште со законот не е донесен, кој ни од далеку не дава можност да се создаде јасна визија, за карактерот и местото на локалната самоуправа во нашиот уставно правен систем. Меѓутоа, овие одредби што на некој начин ги образложив овде се во Уставот, кој стварно не дава една јасна визија за локалната самоуправа.

Правото на граѓаните да учествуваат во одлучувањето по прашањето на непосреден интерес во областа на урбанизмот, комуналните работи и општествените дејности се прави обид да се уредат на начин што ќе елиминира секаков призвук на власт, односно овде се работи за локална власт. И да се сведе на периферно учество на органите на локалната самоуправа во уредувањето на односите во општините и градот Скопје.

Напоредното проучување на предложениот закон веднаш покажува нејаснотии што предлагачот не успеал да ги расчисти и надмине. Во тој контекст и досега имаше дискусии по одредени други амандмани поднесени на овој закон. Па сепак, го предлага на Собранието на РМ да се донесе еден таков закон, иако, ќе повторам нема никакво уставен основ.

Неоспорно дека Републиката има уставен основ да формира јавни претпријатија, па и во областа на стопанисувањето со станбениот деловниот простор, но не во обем и со карактер на работите како во' предложениот закон, туку само во делот на просторот со кој таа располага, односно деловен простор кој е во нејзина сопственост. На пример, кога се носеше законот за пензиско и инвалидско осигурување предложив овде една одлука односно зградата на бившиот ЦК на СКМ, да му припадне на фондот за пензиско и инвалидско осигурување, односно еден дел на подмирување на девизните заштеди што така

денеска здушно вие што ја подржувате Владата ги спомнувавте дека со овој закон ќе се разрешат. Меѓутоа, прашање се поставува дали општините во РМ, односно и градот Скопје треба да имаат своја сопственост. Уставот тоа го предвидува и законот кој не е донесен за локална самоуправа исто така тоа го предвидува.

Од тука произлегува дека ако пошто градот Скопје има формирано со одлука јавно претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор односно и други општини ако има, се поставува прашањето со ова образложение, со ваков закон дека тоа фактички претставува би нарекол така еден вид национализација. Преземањето со сила на нечија сопственост. 1аа сопственост ја создавале граѓаните на градот Скопје да кажеме, или на било која општина односно имајќи ваква сопственост и градот Скопје и општините во РМ со тие преку обезбедување на закуп за давање на тој деловен или станбен простор ќе обезбедат средства со што ќе го помогнат инфраструктурното изградување на поедините општини односно на градот Скопје. За улици, комунални одводи, нафекалии, атмосферска вода, тротоари, водоводи, во населените места и т.н. Едноставно кажано со оваа и ваква одредба во членот 13 се елиминираат досегашните така би рекол сопственици на одреден имот на згради и деловен простор. Мислам дека Владата со овој ваков закон ако не го прифати, затоа што се изјасни дека не го прифаќа овој наш амандман, на некој начин прави преседан, овој закон претставува мешање во сопственичките права на одредени субјекти. Тоа е буквално така, затоа што вели имотот на општините ќе го преземе како државна сопственост. Општините согласно Уставот и недонеседниот закон за локална самоуправа, имаат право да располагаат со своја сопственост. Само тука да споменам дека во деловен простор- го велам Скопје може сега да потпадне со еден ваков закон и простор изграден со самопридонес на граѓаните. Знаеме дека во градот Скопје имаше само

придонес за изградба на спортски објекти, меѓутоа, тие спортски објекти беа пренаманети, сега се повеќето како деловен простор, што значи дека на некој начин и самите граѓани нема да ја имаат функцијата што одвојувале средства со тој самопридонес односно се елиминира за спорт и рекреација и затоа целата оваа работа со донесувањето на еден ваков закон ми личи дека фактички од позицијата, односно од главната партија во таа позиција СДС дека се сведува на разрешување на некои прашања од областа односно изнаоѓање на работни места на одредени нивни членови. Во суштина целата работа се сведува на тоа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Пратеникот Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас не сакам да парафразирам она што го чув во директен разговор со претставниците од Владата во врска со амандманот, но сакам да истакнам дека Законот се однесува и на материјални добра, поточно врши прераспределба на она што веќе постои. Во таа смисла оваа прераспределба, главно, се случува на територијата на градот Скопје, така во случај да не се однесува пренесувањето на сопственоста од градско ниво на централно ниво т.е. на државно, законот ќе биде скоро и беспредметен. А пренесувањето е строго политички мотивирано. На страна што правно многу тешко може имот, поточно право врз посед да се одземе некому со закон. Тоа можеше на пример, во минатото уредување како што е познато кај нас.

Сегашниот Устав, сегашната карта и палета на права што владеат и што го така импресивно бележат духот на овие трансформации, на овие општествени како да кажам превирања не поаѓаат од наложена волја одозгора. Државата не може да има толкави ингеренции. Така, што со тоа се одзема имотот од легитимен сопственик се врши беззаконие. Сличното тоа ќе важи со овој закон и за другите градови и општини. Но, ако се погледне распределбата на имотите на општите каде се во Македонија, потребата од донесување на ваков закон е бидејќи поранешната КПЈ а сега СДС на првите избори не се стекна со можност во главните центри, онаму каде што е главниот градски посед да влијае и да располага. Ние како пратеници од Скопје предлагачи на овој амандман се ограничивме на тоа, барем скопскиот посед кој е многу силно застапен во овој имот на ниво на државата да остане кај градот. Сметаме дека останатите пратеници ќе имаат разбирање. Бидејќи она што го граделе граѓаните со свои придонеси делумно, нормално и со некакви субвенции, делумно можеби и со кредити од странство и со задолжување. Но, тие стекнале своја тапија врз тој посед. Треба да остане кај нив а и кај граѓаните на Скопје. Затоа, мислам дека приодот што ни го нуди Владата е во суштина едно задоволување на потребите на конкретна партија, политичка, на нашето поднебје, а не на нашите граѓани. Видете, ние живееме веќе скоро цел мандат во плуралелен амбиент. И скоро цел мандат се општинските асамблеи една карикатура. Тие немаат за што одлучуваат, за што да располагаат. Независно од тоа што и духот на овој период, а и самиот наш Устав зборува што е но жална надлежност на локалните власти и на локалната самоуправа. Кај нас едноставно е таков развој што локалните...

Отворам претрес по Амандинот за минување на член 15 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа Амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ;**

Дали некој  бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници)

Бидејќи за Амандманот гласаа тројца, констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за менување на член 15 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Амандманот на член 18 поднесен од пратеникот Панче Минов е прифатен. од страна на Владата и тој станува составен дел на Законот

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам кој бара збор?

**БИЛЈАНА ЛАЗАРОВСКА :**

Бидејќи сега имаме комплетноно закон, текст на закон јас би сакала да го кажам своето мислеше по Законот.

Сметам дека овој Закон не треба да се прифати, заради тоа што излегува надвор од концепцијата што беше претходно поставена и предложена од Владата.

Второ, сметам дека со прифаќањето на амандманите што битно го изменија Законот се направи една таква мешаница што не верувам дека еве сега ниту нам, ниту на министерот се јасни некои работи.

Во членот 16 вели - Работниците на Стручните служби на СИЗ за станувањето и другите основани субјекти за уредувањето,на градежното земјиште се однесува, и изградба на станбен и деловен простор ги презема јавното претпријатие согласно општиот акт за систематизација на работите и задачите. Со ова значи јавното претрпи јатие ги презема и јавните претпријатија или органи оформени по членот 27 од Законот за уредување на градежно земјиште оформени во општините. Значи, со овој член се преземаат тие јавни претпријатија или органи во ова јавно претпријатие, немаат функција за уредување на градежното земјиште, а општината оформува нова јавно претпријатие по членот 27 од Законито за уредување на градежно земјиште за да врши уредување на градежно земјиште. Значи, се правата две паралелни јавни претпријатија, т.е. се презема имотот на едно јавно претпријатие, а се оформува ново за кое што општината треба да финансира или се отвораат судски процеси за делбен биланс, тоа е едно.

Понатаму, сметам дека овој закон може да се усвои на Уставниот суд затоа што по членот 115 од Уставот на РМ се вели дека во единците на локалната самоуправа граѓаните непосредно или преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, особено во областите на урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита итн. Општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со Закон, а надзорот на законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

На крајот вели дека Републиката со закон може да и довери вршење на определени работи на општината.

Овде, со овој Закон на локалната самоуправа се дава прво да отстапи на јавното претпријатие, односно на државното претпријатие уредување на градежното земјиште.

Исто така, од извештајот на Комисијата се гледа дека на Комисијата го претресовме Предлогот за донесување на Законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на РМ, се вели со кој располага Републиката, како и делокругот на работата на јавното претпријатие во кое што спаѓа уредувањето на градежното земјиште. Бидејќи сега имаме еден сосема друг концепт на Законот, бидејќи се менува делокругот на работата на Јавното претпријатие, јас лично ќе гласам против овој закон.

**ТОДОР ПЕТОРВ:**

И јас ќе гласам против донесувањето на овој Закон, заради тоа што е променета основната концепција на Законот со прифаќањето на амандманот по членот 5 став 2.

Имено, со членовите 13, 15 и 16 ми се чини дека се создаде една збрка во практичната примена на основањето на тоа јавно претпријатие заради тоа што се формира јавно претпријатие кое беше осмислено на начин како што беше Предлогот на законот без никакви амандмани. Тоа јавно претпријатие ќе го преземе имотот, правата и обврските на сите СИЗ-ови за да после општините одлучат самостојно дали ќе го пренесат правото на уредување на градежното земјиште, а прашње е дека ненам никогаш да.-.го пренесат на ова јавно претпријатие, за да самостојно, повторно од сопствени средства, со нов комунален придоенс основаат нови јавни прpторијатија и фондови, за тоа што можеби не може јавни претпријатија со кои ќе се уредува градежното земјиште.

Членот 16 многу убаво вели - Работниците на Стручните служби на СИЗ-овите за становање и другите основани субјекти за уредување и изградба на станбен и деловен простор ги превзема јавното претпријатие во согласност со општио.т акт за систематизација на работите и

задачите. Затоа сметам дека овој Закон, менувајќи ја основната концепција од предлогот, како што беше даден без никакви амандмани, отстапува и затоа ќе гласам против неговото донесување.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, господин е министре едно прашање

Бидејќи во овој Закон сведени се ингеренциите на Владата во член 8 стои дословно вака, цитирам - "За својата работа јавното претпријатие доставува извештај на Собранието на Република Македонија најмалку двапати годишно".

Која е целта и функцијата на Собранието и овие извештаи што ќе ги разгледува? Има ли некаква контрола Собранието на РМ? Дали овој член овде е ставен само како фасада, излишен заради проформа или за некоја професионалност? Кога се е сведено во рамките на Владата, во Управниот одбор итн., директорот на тоа јавно претпријатие итн.. Зошто е овој член поставен овде, барам едно мало објаснување. Мене, навистина не ми е јасно.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потрпетседателе, почитувани колеги пратеници, сакам да кажам дека нема да го поддржам овој Закон, односно ќе бидам воздржан од причини што во овој Закон се понудени решенија што не се добри. Со овој Закон се загрозуваат интересите на граѓаните во општината од причина што дел од виталните права нивни, што беа со досегашната регулатива дадени како права се скратуваат и целокупната работа се побирократизира и за најситните витални прашања ќе треба да одлучуваат одредени центри кои најмалку ќе бидат блиски до проблемите на граѓаните. Уште еднаш сакам да укажам дека овие решенија не се добри.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Сега го разгледуваме текстот на Законот. Текстот на Законот е неприфатлив затоа што јас веќе настапив еднаш околу тој амандман поточно амандманот мој и на група пратеници што го поднесовме, се деприватизира сопственоста односно се укинува сопственоста од еден субјект која е инаку легитимна, а се пренесува на друг. Тоа е едно.

Второ, тенденцијата во тоа пренесување не е сообразена што сегашниот дух,поточно централизирани држави нема да виреат. Затоа, исто така не можам да го поддржам овој текст.

Трето, можеби исто така важно треба да се напомене довербата кај мене е спласната во тоа како се врши контрола врз работењето на државните органи. Парламентот потфрла, Комисијата за буџет или контрола на буџет не испитува оти имаме толкава сила економија и јас стравувам дека и на полето на стопанисувањето деловен простор, ќе ги имаме сличните недоследности како што се познати општо на пазарот кај нас.

Тоа се, донекаде, моите мотиви зошто не сакам да дадам поддршка на Законот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, за мене е неприфатлив овој Закон од следниве причини:

Се формира единствено јавно државно претпријатие со централизација на сите средства и одземање на сите права на општините и така во иднина уште овие останаа децентрализирани во општините"во Центарот и утре, ако стане потреба нешто да се изгради или регулира или пукне водоводна цевка ќе треба да се праќа одобрение од Битола во Скопје, а Скопје ќе дадеа согласност да се прави водоводот и до тогаш ќе трпат овие работи за изведување. Тоа го поврзувам со тоа

што сите средства ќе се централизираат таму, така што општините иако со јако економски развиени подрачја средствата ќе одата таму а оттаму ќе се плака и плата назад. Не е како до сега, средствата да остануваат во подрачјата, општините, а само средства одеа за развој од Републиката 20 или 30% од средствата. Во овој случај сите ќе останат во градот Скопје а подрачните не ќе имаат никакви можности за некакви комунални објекти да се градат.

Зошто не се формираат ако не општински, регионални, барем да се регионални, не општински, со тоа што да имаат повисок степен на овластување на користење на средствата, тие сами едноставно да раководат со средствата. Овде ова не трпи некоја пазарна економија или растоварување на оди ми – дојди ми колку ќе дадеш, колку ќе пуштиш, туку овде се работи исклучиво за една комунална дејност.

Јас знам дека со трансформацијата, треба да се запрашаме што овде се добива. Постоеја досегашните СИЗ-ови сега ќе постои јавно претпријатие. Дали отидовме на стеснување и намалување на државниот апарат или пак го зголемуваме? Тоа ми сведочи како и до сега во поедини општини што има ист толкав персонал каде што располага со станбен фонд од 5-6 куќи и со по еден или два деловни простории а располагаат со таков персонал како и во другите развиени општини.

Затоа предлагам да не се донесе овој Закон се додека не се донесе Законот за локалната самоуправа, а кога ќе се видат што овластувања и права ќе имаат општините со Законот за локалната самоуправа, дури тогаш ова да почне да се применува.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Бидејќи бев прв поборник за нецентрализирање на функцијата и надлежноста за уредување на комуналниот простор од страна на јавното

претпријатие., должен сум и чувствувам потреба да објаснам дека со прифаќањето на мојот амандман под реден број 3 со што не се укинува членот 27 од Законот за градежно земјиште, тоа фактички значи дека комуналното уредување како функција и надлежност останува ординарна изворна надлежност и функција на општините, она што не помина другите мои и на колегите мои амандмани во однос на бришење на надлежноста на јавното претпријатие да го уредува јавниот простор со модификацијата и прифаќањето на амандманот од пратениците Гештаковски и Зафировски фактички се прифати амандманот дека смислата и целта на малите, заедно со другите предлагачи, амандман, што значи комуналното уредување пак останува како надлежност на општините само се остава можност овие јавни претпријатија, меѓу другите надлежности со стопанисување со станбениот и деловниот простор можат да го вршат и комуналното уредување, потенцирам, ако тоа им го доверат со посебна одлука општините. Тоа ме задоволува и покрај неприфакањето на другите два амандмана, со прифаќањето н а третиот амандман си останува изворната надлежност на општините за комунално уредување да гласам за прифаќање на овој Закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Ристо Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Видете, сите имаме право нешто да кажеме, еве јас зошто ќе бидам против законот, а мислам на законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на РМ.

Во член 16 се вели "Работниците на стручните служби на самоуправните интересни заедници за станување и другите основни субјекти за уредување и изградба на станбен и деловен простор ги презема јавното претпријатие". Значи, тука се води грижа за бирократите да не останат без работа, а во претходниот закон за продажба на деловните згради и деловните простори на РМ каде се работи за голем број квадратура од деловниот простор, каде работниците од многу претпријатија ќе останат на улица еве да ги земам пример "Славија", "Центро" тука не се води грижа за тие работници. Јас би рекол, коновоконпираните газди треба да ги преземат, а во тој закон никаде не стои тоа. Значи, правиме споредба едните треба да се вработат а другите не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги , сакам да кажам неколку збора околу Предлогот на овој закон, неговото име, неговата цел и што треба да определи и дали за него треба да се гласа или не. Јас укажувам дека овој закон не треба да се прифати и тоа од следните причини:

Прво, закон за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ. Значи од името на законот се гледа дека ќе се работи за имот на РМ.

Понатаму, членот 1 каде се определува материјалната основа кој ја претставува стои дека "со овој закон се уредува стопанисував>е со станбените згради, станови, деловни згради и деловни простории ва кои правото на користење, управување и располагање има РМ".

Значи, право на користење, управување и располагање. По овој дел Законот дава три функции. Едната функција е користење и веднаш кажува дека тоа е имот на некој друг, а не на државата или општеството.

Понатаму управување, управува, но на чија сметка? Со кој имот? Немаше да настане дилема ако не беше третата функција и располагање. Под располагање може да стои ако е сопственик што значи дека имаме и терминолошка и содржинска разлика во сите три термини што се предлагаат.

Поради ова, нормално овој закон Ѕе требаше да има тек и понатаму да се говори кои се имотите со кои ова претпријатие што се предлага ќе управува. Ако остане вака за што говореше пред мене колегата Ристо Јованов за вработување и преземање, тогаш се презема имот со кој управувале СИЗ-овите. Чиј бил тој имот никој не знае. Зарем пак ќе имаме држава во која не се знае чиј е имотот. Мора да се реши претходното прашање со чиј имот ќе располагаме, со чиј ќе управуваме и чиј имот ќе користиме. Тоа е основното од каде поаѓам а дека се налага ова доаѓа од членот 5 алинеја 4 дека претпријатието ќе се бави со продажба на станбен и деловен простор на РМ.

Алинеја 8 продажба на станбен и деловен простор. Дали во самиот член нема колизија? На едно место е употребен терминот РМ, а на другото само деловен и станбен простор. Што сакало да се каже? Дали се работи за два или повеќе имоти, за две или повеќе права, за едно исто право. Овде тоа не се гледа. Значи , една вакква недоследност во самиот закон не му дозволува да оди на усвојување.

Што е најбитно ако овде сега се бавиме со одредбите од членовите 13 и 15 каде се говори кој ќе ги врши ов1 з овластувања до формирање на претпријатието и што ќе се преземе од тоа претпријатие тогаш јасно се говори дека се врши национализација во полза на државата РМ. Дали со Уставот е дозволена национализација? Треба да са одговори на ова прашање. Ако немаме одговор, тогаш мора да ги поделиме кои се

nabројани. Спрема тоа, ние не можеме на едно место да си дозволуваме никој комодитет, а на друго место тоа да го затвораме и на крај да вршиме принудно одземање на имотот без разлика од кого се одзема. Зошто го велам ова? Затоа што по Уставот сите субјекти се еднакви на пазарот. Државата не си обезбедила право да врши национализација. При една ваква положба јас ви препорачувам за овој закон, заедно со мене, не гласате.

**ТУШЕ ГОЕШВ:**

Сакам да кажам само за членот 15 последниот ред каде се кажува дека "од влегувањето на сила на овој Закон со состојба на ден 31.XII.1993 година " да биде пресекот со кој треба да се направи тој делбен биланс.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (45)

Дали е некој против? (18)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

За Предлог законот гласаа 45 пратеника, против гласаа 18, а од гласање се воздржаа 5 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија.

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Гооподине потпретседателе следете ја состојбата во Собранието внатре, јас треба да ставам противење по однос на гласањето а вие го прогласивте законот. Сега, што ќе правиме. Сега имаме една заврзлам ме враќате назад да си седнам на местото за да се искажете.

Едната фаза е помината, јас се сомневам во исходот на гласањето. Сега, како ќе го направите тоа? Ме вративте назад. Дали ме поддржуваат 10 пратеника?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Процедурално немате никаква тешкотија тоа право да го остварите и сега.

Имате поддршка од 10 пратеника, го молам секретарот да пристапи кон гласање.

ПРИЛОГ СПИСОК .

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | против |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | против |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСК А | против |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | против |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 28. ПЕТАР ОРГИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | воздржан |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | воздржан |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | воздржан |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | против |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | против |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | за |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | за |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. СИМОН НАУМОВСКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | воздржан |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | воздржан |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТКФКОВСКИ | не е тука |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌИ | за |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ - | против |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | против |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | против |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАЌИРИ | воздржан |

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам да се договориме додека се пребројуваат гласовите. Сега е веќе 17 и нешто часот, меѓутоа имаме само уште еден закон за да ја завршиме оваа седница. Дали се согласувате денеска да завршиме?

(негодување во салата)

За Предлог законот гласале вкупно 80 пратеника. За законот гласале 46, 21 пратеник биле против и 13 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија.

Преминуваме на **27-та точка**, Предлог на закон за поттикнување на развојот ....

(пратениците не сакаат да продолжат со работа)

Добро, но ве молам да се договориме за следното. Утре точно во 10,00 часот ќе ѕвониме. Ќе се прозива по пратенички групи.

(седницата прекина со работа во 17,15 часот)